# Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија

Студија 2023

British Embassy
Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

WFD

# Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија

Студија 2023

Проект: Практикувај демократија

Издавач: Фондација за демократија на Вестминстер, Северна Македонија
www.wfd.org

За издавачот: Дона Костуранова, директорка во земјата за канцеларијата на Фондација за демократија на Вестминстер

Автор на анализата: Мартин Галевски

Спроведување на анкета: ТИМ институт

Уредник: Ина Џугуманова

Графичко уредување: Кома

Лектура: Весна Костовска

Тираж: 100

Печатење: Дата Понс

Место на издавање: Скопје

Година на издавање: 2024

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската Амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа анализа не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# Содржина


006
Предговор

010
Клучни наоди

016
Вовед:
Преглед на
тековните
состојби со
младите во 2022
и 2023 година

030
Методологија
и примерок

038
Наоди од теренска
анкета на
репрезентативен
примерок:
Социо-политичко
учество на младите во
Северна Македонија

039
Перцепции на младите за
општествените текови во
земјата и позицијата на
младите во општеството

049
Младинските
ставови за
европската
перспектива
на земјата и
придобивките
од членството
во НАТО

061
Миграции и планови
за иднината кај
младите

070
Извори на
информирање
и интерес за
социополитичкиот
развој меѓу младите

078
Доверба во институции и лично влијание

087
Граѓанско учество на младите во општеството

100
Гласање на избори и мотивација за гласање

103
Образованието како елемент на политичка социјализација: Согласност со содржини од учебници

108
Толеранција и перцепции за други групи

114
Степен на согласност со изјави поврзани со социополитичкиот живот, општествено-политичката активност, политичките вредности и критичката мисла

120
Перцепциии и ставови на младите со сензорна и/или моторна попреченост за ситуацијата во земјата

124
Сумарни наоди од фокус-групи

130
Дискусија и заклучоци

136
Препораки



# ПРЕДГОВОР

Оваа четврта студија за социо-политичкото учество на младите во Северна Македонија, дава досега најдлабински информации од сите претходни студии на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во областа на младинското социо-политичко учество. Првата студија, креирана во 2019, се покажа како информативна и користена од страна на многу чинители посветени на младите, почнувајќи од самите младински организации и активисти, до медиумите и институциите. Со секоја следна студија се обидувавме да отвориме нови теми или да навлеземе подлабоко во областите кои се покажале како важни. Оваа четврта студија дава најдлабок приказ на податоците од повеќе причини. Прво, благодарение на теренското спроведување успеавме да интегираме повеќе прашања во повеќе области, како што се Европската унија, демократските вредности и толеранцијата. Дополнително, со ова истражување веќе можеме да согледаме подолгорочни трендови кај младите, во четири интервали, од 2019 до 2023 година. За нас важно е што повторно се опфатени младите со попреченост, како категорија граѓани кои често се за жал изоставени од ваквите истражувања.

Анализата дава преглед и на општествено-политичките околности и промени. Така, за промена ги имаме податоците од пописот на население 2021 кои нѐ соочуваат со негативните трендови на стареење на населението и иселувањето, како и проекции кои алармираат за иднината која следи. Последиците од КОВИД-19 кризата и економската криза имаат оставено траг врз образованието и учењето, вработувањето и стандардот на младите. Иако е постигнување носењето на нова Национална стратегија за млади 2023-2027, сепак забележливи се недостатокот за финансии за нејзино спроведување, како и воопшто за младински политики и образование. После повеќе години, започна рефлексија на спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики и неговата непотполна имплементација, но и испливуваат препораки за унапредување на законот. Менталното здравје на младите, како нова тема, добива се повеќе внимание и актуелизација, а се издвојува и усвојувањето на првата државна стратегија посветена на менталното здравје на младите. Иако во одредени аспекти има поместувања, сепак голем број од препораките искажани во претходните студии – сѐ уште важат, односно состојбите не се значајно променети.

Со оваа анализа успеваме да обезбедиме податоци, кои се надеваме ќе бидат користени од институциите, младите и другите засегнати страни во креирањето политики базирани на докази. Податоците ни покажуваат кои се перспективите кај младите за ЕУ и НАТО, идните трендови и очекувања за напредокот на државата, перцепциите за иселувањето, перцепциите за сопственото учество, довербата во институциите, демократските вредно-

сти и толеранцијата – важни теми не само за младите генерации, но и целото општество.

Наодите се прикажани детално во студијата, но во овој кус предговор, со намера да дадеме и перспектива на оптимизам, би издвоиле дел од клучните позитивни согледувања. Младите не сметаат дека политиката е работа само на политичарите, ниту пак дека гласањето на избори е доволно за да се влијае. Сепак им се потребни самодоверба, информации, знаење и поддршка да бидат активни граѓани, затоа што повеќето млади не се активни. Младите кои преземале акција за промена, се посклони повторно да делуваат и изразуваат поголемо задоволство од своето место во општеството. Младите кои очекуваат дека државата ќе биде дел од ЕУ, се и оние со пониски тенденции за иселување. Нешто помалку од половина од младите, сепак сметаат дека во земјата има потенцијал за позитивни промени. Ваквите позитивни примери, треба да бидат поддржани, додека истовремено треба да се работи на пресретенување и адресирање на причините за негативните трендови.

Изразуваме благодарност на Мартин Галевски за изработката оваа анализа, како и на ТИМ институт за прибирањето и обработката на податоците. Особена благодарност упатуваме до Британската влада и Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Скопје, чија поддршка беше суштинска за изработката на студијата.

Дона Костуранова,

Директорка во земјата за
Фондацијата за демократија на Вестминстер



# КЛУЧНИ НАОДИ

**Расте песимизмот кај младите за општествените текови во државата**

- Помалку од еден од пет млади луѓе (17 %) сметаат дека Северна Македонија се движи во правилна насока. Од првото истражување, спроведено во 2019 година, двојно е зголемен бројот на млади луѓе што сметаат дека земјата се движи во погрешна насока, од 24 % на 50 %.

- Само една четвртина од младите сметаат дека за пет години од денес, земјата ќе биде многу или делумно подобро место за живеење за младите. Од првото истражување во 2019 година, бројот на млади луѓе што сметаат дека за пет години земјата ќе биде многу или делумно полошо место за живеење е зголемен за 26 % (од 18 % на 42 %).

- Само еден од тројца млади луѓе (32 %) е задоволен со своето место во општеството.

- Позитивната страна е тоа што 4 од 10 млади луѓе сметаат дека земјата има потенцијал за позитивни промени.

**Опаѓаат и надежите за влез во ЕУ**

- За првпат откако се спроведува истражувањето, поголем процент од младите (43 %) се изјаснија дека не веруваат дека земјата ќе стане дел од Унијата, во споредба со оние што сметаат дека ќе стане (38 %). Околу една петтина од младите (19,4 %) не знаат дали земјата ќе стане членка. Во споредба со 2019 година, има пад на оптимизмот за можноста од зачленување за 22 %.

- Според етничката припадност, процентот на етнички Македонци што сметаат дека земјата нема да стане членка на Унијата е изразито повисок отколку кај етничките Албанци и другите етнички групи. Односно, речиси половина од младите Македонци (47,8 %) сметаат дека државата нема да стане членка на ЕУ, наспроти 30,6 % од младите Албанци и младите од останатите етнички групи (42,1 %).

- Меѓу младите луѓе што изразуваат верување во тоа дека земјата ќе стане членка на ЕУ, просечните очекувања гласат дека тоа ќе се случи до 2032 година, односно 9 години од денес[1]. Во 2019 година, кога за првпат беше спроведено истражувањето, во просек, младите веруваа дека земјата ќе влезе во ЕУ за 6 години од датумот на истражувањето (мај 2019 година).

1 Како почетна точка се зема годината во која е спроведено истражувањето, 2023 година.

- Младите сметаат дека зачленувањето во ЕУ најмногу зависи од земјите членки на ЕУ и од нивната подготвеност за проширување (50,2 %), но со сличен процент и од државните власти и исполнувањето на критериумите за членство (48 %). Решавањето на спорот со Бугарија како пречка го гледаат 44,8 % од младите, додека, пак, влијанието на други фактори надвор од земјата и ЕУ се важен фактор за 29,2 % од младите.
- Една третина од младите (33 %) сметаат дека сме подалеку од влез во ЕУ, во споредба со ова време минатата година. Само 17 % од младите сметаат дека сме поблиску до влез во ЕУ, додека, пак, 44 % не гледаат промени во перспективите од минатата година.
- Позитивната страна е тоа што младите што сметаат дека земјата еден ден ќе стане членка на ЕУ покажуваат пониска подготвеност за иселување од државата. Поточно, од оние млади што сметаат дека државата ќе стане членка на ЕУ, 46,8 % размислуваат да се иселат, додека, пак, истото важи за 76 % од младите што сметаат дека земјата нема да стане членка на ЕУ.

**Младите имаат поделени мислења во однос на придобивките од членството во НАТО**

- 47,3 % од младите сметаат дека има придобивки од членството во НАТО, додека, пак, 45,5 % сметаат дека не постојат придобивки од членството.
- Во однос на тоа како влијае членството во НАТО врз безбедноста, една третина од младите (34,5 %) се чувствуваат побезбедно, 8,9 % се чувствуваат помалку безбедно, а кај малку повеќе од половина од младите (53,9 %), членството во НАТО нема никакво влијание врз нивното чувство за безбедност.
- Главната поделба во одговорите е меѓу испитаниците со различна етничка припадност. Имено, високи 60,8 % од етничките Албанци се чувствуваат побезбедно поради членството во НАТО, додека, пак, истото тоа е точно за само 24,7 % од етничките Македонци и за 37,4 % од испитаниците од останатите етнички групи.

**Уделот на млади што се подготвени да мигрираат останува висок, додека, пак, опаѓа бројот на оние што потенцијално би се вратиле**

- Шест од десет млади луѓе (62 %) би ја напуштиле земјата доколку им се укаже шанса. Иако постои мал раст, не се забележани значителни промени од првото истражување во 2019 година (59,5 %).

- 77 % од младите не размислуваат да се вратат во земјата доколку мигрираат. Ова е зголемување од 14 %, во споредба со претходното истражување во 2021 година.

**Младите не се гледаат себеси како приоритет на институциите и немаат висока доверба во ниту една институција**

- Половина од младите (51,4 %) сметаат дека властите воопшто не се грижат за нивните потреби и проблеми, а само 1,1 % сметаат дека властите целосно се грижат за нивните потреби и проблеми.
- Три четвртини од младите (73,7 %) досега не биле вклучени или консултирани од локалните или националните институциите при носењето одлуки.
- Ниту една институција/организација не ужива ниту умерена ниту висока доверба кај младите (односно, ниту една од наведените институции/организации не успеа да добие повисока оцена од 2,5, на скалата од 1 до 5). Најниско оценети од страна на младите се Собранието (средна оцена 1,8), политичките партии (средна оцена 1,9) и Владата (средна оцена 1,9).

**Повеќето млади не се општествено активни**

- 8 од 10 млади се опишуваат себеси како главно или воопшто неактивни граѓани, наспроти една четвртина од испитаниците што себеси главно се идентификуваат како активни во општеството (намалување на активните граѓани од 6 %, во споредба со 2021 година). Дури 3 од 4 млади луѓе (74,4 %) не припаѓаат на ниту една организација или друга форма на организирање (раст од 6 %, во споредба со 2019 година). Од оние млади што се активни во некаква форма на организирање (25,6 % од младите), тоа најчесто го прават во рамките на политичките партии/политичките подмладоци (9,9 %), а речиси двојно помалку во граѓански или младински организации (5 %) и неформални граѓански иницијативи (4,0 %).
- Кај младите што преземаат нешто за решавање одреден општествен проблем, на многу мал дел им успева да ги решат проблемите (28,6 %), додека, пак, останатите млади ретко (52,4 %) или никогаш (17,5 %) не успеваат во своите обиди.

**Бројот на млади луѓе што гласаат на избори останува висок**

- Девет од десет млади луѓе во земјата секогаш или понекогаш гласаат на избори, од кои 59 % секогаш гласаат (5 % пад во споредба со 2019 година), додека, пак, 31 % понекогаш гласаат.

- Позитивната страна е тоа што најголем дел од младите (78 %) не сметаат дека политиката е работа само на политичарите, а 73,2 % од младите не сметаат ниту дека за да се влијае врз политиката е доволно само да се гласа на избори. Исто така, 72,4 % од младите не се согласуваат со изјавата дека е подобро мислењето за политичките случувања да го задржат за себе отколку да го кажат јавно.

**Младите стануваат сè помалку толерантни и се повеќе авторитарни**

- 81 % од младите сметаат дека на земјата ѝ е потребен лидер со цврста рака (слично на истражувањето во 2021 година).
- 54 % од младите сметаат дека на ЛБГТ луѓето не им е местото во политиката (19 % зголемување од 2021 година).
- 29 % од младите сметаат дека мажите се подобри политичари од жените (13 % зголемување од 2021 година).
- 43 % од младите не би сакале да имаат ЛГБТ сосед, 36 % сосед мигрант, 25 % сосед Ром, а 24 % сосед Албанец.



# ВОВЕД:

# ПРЕГЛЕД НА ТЕКОВНИТЕ СОСТОЈБИ СО МЛАДИТЕ ВО 2022 и 2023 ГОДИНА

Целта на овој вовед е да понуди преглед на тековните состојби со младите во текот на последните две години (2022 и 2023 година)[2] пристапувајќи главно преку увид во спроведените истражувања за млади и стратешките документи за млади што се изготвени во истиот период.

## *Меѓу двата пописи, илјадници млади се иселиле од државата. Земјата го губи човечкиот капитал*

Бројот на младо население во Северна Македонија од 2002 година е во опаѓање. Меѓу два пописи, од 2002 до 2021 година анализите покажуваат дека бројот на младите се намалил за 6 %, од 24 % во 2022 година на 18 % во 2021 година.[3] Ова значи дека државата има приближно 80.000 помалку млади луѓе во споредба со 2002 година. И покрај ваквиот пад, процентот на млади во вкупниот број на популацијата сè уште е поголем од просекот на Европската Унија (16 %), како и повеќето држави во регионот со исклучок на Црна Гора (19 %), Албанија (23 %) и Косово (25 %).

Во однос на старосните групи, според последниот попис од 2021 година, најмалку млади има од старосната група 15-19 години, а најмногу во старосната група 25-29 години, додека, пак, најмалку млади живеат во Вардарскиот регион, а најмногу во Скопскиот. На локално ниво, сите општини во земјата (освен една, Липково) бележат пад на процентот на младите, дел поради внатрешни, а дел поради надворешни миграции.

Ваквите анализи ги потврдуваат проекциите направени пред пописот, кои во континуитет посочуваа дека земјата се соочува со сериозен проблем во врска со младинска емиграција и задржување на младото население во државата, како и забрзано стареење на населението. Најголем број млади што не се повеќе резиденти на Северна Македонија се младите родени во 1994 година, односно оние што имале 27 години во 2021 година. Имено, 30 % од младите од таа генерација не живеат повеќе во државата. Најмал процент на иселеност има кај младите родени во 2003 година (кои имале 18 години во 2021), односно само 8 % од нив заминале од државата.[4]

2 Претходните три истражувања на ВФД, спроведени во 2019, 2020 и 2021 година, обработуваа слични теми и претходни појави, поради кои во рамките на ова истражување, временскиот период за анализа е главно ограничен на 2022 и 2023 година (заклучно со декември).

3 Малевски, Б. и Барлаковски, П. (2023). Млади на попис: Анализа на податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година што се однесуваат на младите. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

4 Ibid.

Врз основа на пописот од 2021 година, Државниот завод за статистика изготви седум проекции на бројот на население во Северна Македонија до 2070 година.[5] Варијантите се под претпоставка дека во земјата и во регионот нема да има војни, ќе има нормална и стабилна внатрешнополитичка состојба, во првата половина на 2030-тите ќе заврши процесот на асоцијација во ЕУ, ќе има економски развој и нема да има големи здравствени кризи. Набљудувано според проекциски варијанти, доколку ништо не се промени и доколку останат параметрите од 2022 година, вкупното население до 2070 година би можело да се намали за 35 %, односно од сегашните 1,8 на 1,2 милиони жители. Истовремено, остварувањето на варијантите кај кои е претпоставено изостанување надворешни миграции, со умерено зголемување на нивото на фертилитет, како и континуирано и релативно интензивно намалување на смртноста, би резултирало со намалување на населението за „само" 346 илјади лица или за една петтина (19 %) во однос на почетокот на проекцискиот период. Врз размерот на можната депопулација на кој упатуваат резултатите од проекциите, влијаат и споредбите на проектираното население во 2070 година со податоците од поранешните пописи на населението. Многу е илустративно тоа што на крајот од проекцискиот период, населението во државата, во случај на остварување која било од варијантите на проекциите, би било помалобројно од она 100 години порано, односно во време на Пописот од 1971 година.

Во однос на старосните групи, остварувањето на варијантата со висок фертилитет, во 2070 година, би резултирало со двојно поголем број млади (на возраст од 0 до 14 години), отколку во случај на остварување на варијантата со низок фертилитет (244,4 илјади спрема 114,7 илјади) и нагласено поголемо учество во вкупното население (17,2 % спрема 10,3 %). Остварувањето на која било од преостанатите шест проекциски варијанти на крајот на проекцискиот период би резултирало со уште помал број млади лица (на возраст од 0 до 14 години), како и нивно помало учество во вкупното население на земјата. До најголемо намалување на бројот на млади би дошло во случај на остварување на константната варијанта (од 309 на 48 илјади), додека, пак, нивно најмало учество би се случило во случај на остварување на варијантата со низок фертилитет (10,3 %). Сите споменати показатели укажуваат на тоа дека пред Република Северна Македонија е период на многу интензивно стареење на населението, не исклучиво на врвот на старосната пирамида, туку и од нејзината база. Сепак, демографското стареење поради намаленото

5 Државен завод за статистика (2023). Проекции на населението на Република Северна Македонија до 2070 година. Скопје: Државен завод за статистика.

учество на младите би било помалку значајно за одвивањето на самиот процес.

Имајќи ги предвид овие предизвици, во процес на подготовка е нацрт-верзија на Стратегијата за демографски политики на Република Северна Македонија 2024-2044. Ова е трет документ од ваков вид во Северна Македонија. Визијата на Стратегијата е да влијае врз одржувањето на постојното ниво на население во периодот до 2044 година, значително да се зголеми потенцијалот на човечкиот капитал и да се обезбеди подобар квалитет на живот за сите генерации, заедно со подобрувањето на територијалното разместување на населението. За да се оствари оваа визија, Стратегијата предвидува четири приоритетни области на дејствување: 1. Намалување на надворешните нето-миграции; 2. Поттикнување на наталитетот; 3. Намалување на демографските диспаритети помеѓу населените места; и 4. Развој на човечкиот капитал. Како посебни цели посветени на младите, нацрт-верзијата на Стратегијата единствено го посочува подобрувањето на можностите за решавање на станбеното прашање на младите; но самиот текст на Стратегијата акцентира дека таргетирањето на младите лица во сите мерки и активности треба да биде приоритет.

## *Падот на вкупниот процент на млади луѓе сè повеќе се рефлектира врз пазарот на трудот и врз образовниот систем. Младинската невработеност е драстично намалена, но останува висока*

Пазарот на трудот претрпе значителни промени во последните две децении. Според податоците од пописот, од 2002 до 2021 година бројот на работоспособно население се намалил за 171.317 жители, или 12,4 %, додека, пак, бројот на старо население над 65-годишна возраст се зголемил за 17,2 % или за 101.619 лица. Поради ваквите промени, економијата постепено се менува од позиција на ослабен пазар на трудот со вишок работен кадар во минатото, во економија каде што работодавците пријавуваат недостиг на работници.

И покрај тоа што земјата бележи значително намалување на младинската невработеност во последните години, таа останува речиси двојно повисока (33 %) од онаа кај општата популација (16,6 %) и невработеноста на младите во рамките на ЕУ (14,7 %). И покрај одредени подобрувања, стапката на вработеност кај младите останува релативно ниска (35 %) и далеку под таа кај општата популација (61 %). Младите во

Северна Македонија имаат и многу пониски стапки на вработеност во споредба со нивните врсници од ЕУ и некои од соседните земји.[6] Според Анкетата за работна сила од 2021 година, приближно 94 000 млади лица на возраст од 15-29 години не се вработени и не се вклучени во образование или обука (НЕЕТ), што соодветствува приближно на една четвртина (24,2 % проценти) од вкупното младо население (26,1 % за жените). Овој удел бележи тренд на опаѓање во споредба со 2016 година, кога младите НЕЕТ лица учествувале со 31,3 % проценти во младото население (приближно 136 000 млади луѓе). Ова намалување делумно се должи на постепеното намалување на младото население во Северна Македонија, но и на ефектите од воведувањето на Гаранцијата за млади (уделот на младите НЕЕТ лица се намалил од 29,7 % во 2018 година на 24,5 % во 2019 година). Како одговор на дел од овие предизвици, планот за спроведување на Гаранцијата за млади 2023-2026 воведува новитети, каде што во фокусот се НЕЕТ младите лица, односно лица од 15-29 години, кои не се во процесот на образование, не се вработени и не се вклучени во некои од обуките. Вкупната цена на чинење за спроведување на планот се проценува на 3.807.449.000 МКД (55.710.570 ЕУР), при што приближно 89 % се финансираат од националниот буџет.[7]

Карактеристично е и тоа што со намалувањето на бројот на младо население се намалува и бројот на ученици во основните и средните училишта. Во последните 10 години, бројот на ученици во основното образование се намалил за 6 %, додека, пак, во средното образование за 30 %.[8] И покрај значителниот пад на бројот на ученици во последната деценија, континуирано расте бројот на вработени наставници во рамките на основното и на средното образование. На пример, помеѓу 2009 и 2019 година, само 8 општини (од вкупно 80) имале зголемување на бројот на ученици, додека, пак, истовремено, сите го зголемиле бројот на наставници, што укажува на тоа дека одлуките за вработување наставници не се проследени со доследна економска логика и не се базираат врз реалните потреби.[9] Препораките на Светска банка[10] и УНИЦЕФ[11] ука-

6 Mojsoska-Blazeski, N. (2023). North Macedonia Education Sector Analysis. Chapter 4: Relevance of Education for Labour Market Inclusion. Paris: UNESCO IIEP.

7 План за спроведување на Гаранцијата за млади 2023-2026.

8 Vergas, G. (2023). North Macedonia Education Sector Analysis. Chapter 2: Schooling patterns. Paris: UNESCO IIEP.

9 Нацева, Б., Шимбов, Б. и Галевски, М. (2023). Финансирање на нашата иднина: како да ја подобриме ефикасноста на расходите за образование во Северна Македонија. Скопје: Светска Банка.

10 Ibid.

11 UNICEF (2022). Are schools fit for purpose. The extent to which North Macedonia is getting the most out of the country's education resources. Skopje: UNICEF.

жуваат на тоа дека демографскиот пад изискува низа мерки за реорганизација и оптимизација на училишната мрежа во земјата и заострување на вработувањето наставници, со цел да се подобри управувањето со средствата во образованието.

## *Кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19 го зема својот данок. Последиците со кои сега се соочуваат младите се огромни загуби во учењето*

Недостигот на квалитетно образование е еден од клучните параметри што негативно влијаат врз учеството на младите на пазарот на трудот. Како за пример, иако младите најчесто би избрале да работат во професии што се во согласност со нивното образование, повеќе од половина од нив работат во професии за кои не се школувале, што го покажува јазот меѓу формалното образование и пазарот на трудот.[12]

Резултатите од меѓународното тестирање ПИСА во 2022 година посочуваат дека македонските ученици на 15-годишна возраст заостануваат во јазичната писменост, математика и природни науки. Од вкупно 81 држава во кои се спроведе мерењето на знаењето на учениците, македонските ученици се на 61-то место според резултатите по математика, на 71-то место според јазична писменост, а на 68-то место според природни науки. Односно, три четвртини (74 %) од 15-годишните ученици во Северна Македонија имаат слаби резултати по јазична писменост, додека, пак, двајца од тројца ученици покажуваат лоши резултати по математика (64 %) и природни науки (65 %).

Споредбено со 2018 година, резултатите на учениците во Северна Македонија бележат пад, иако треба да се напомене дека мнозинството држави бележат полоши резултати, што веројатно се должи на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19. За време на кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19, Северна Македонија се соочи со едно од најдолгите затворања на училиштата (најдолго во споредба со сите земји од Западен Балкан), и покрај препораките дека тоа ќе има сериозни последици врз успехот на учениците. Кај нас, училиштата беа затворени 54 недели, наспроти 24 недели колку што тоа беше просекот во рамките на Европа и Централна Азија.

Во споредба со државите од регионот, 15-годишниците од Северна Македонија се единствено подобри од нивните врсници во Косово и во

12 Боживиќ-Стојкоска, С., Тројачанец, М. и Шабани, Д. (2023). Младински аспирации за кариера и вештини.

Албанија, додека, пак, се наоѓаат далеку зад учениците од Словенија и од Хрватска, кои предничат во регионот според резултатите на ПИСА 2022. Според УНИЦЕФ, кризата во учењето во земјата е резултат на деценискoто несоодветно решавање на клучните структурни предизвици, недостигот на континуитет во реформските процеси од страна на различни влади и на неуспехот да се насочи образованието кон реалните и индивидуалните потреби на учениците.[13]

## *Квалитетот на живот на младите, еден од најлошите во регионот*

Во рамките на последниот глобален Индекс за младински развој (2023)[14] што го мери квалитетот на животот на младите луѓе низ светот, Северна Македонија беше рангирана на 57-то место од 153 држави во кои се спроведува мерењето. Со резултат од 74,59 поени (11 поени помалку од просекот на Европската Унија), Северна Македонија се наоѓа во групата на земји што имаат резултати „во рамките на очекуваното". Во споредба со земјите во регионот, Северна Македонија има малку подобар резултат од Босна и Херцеговина (58 место) и Албанија (60), а е во полоша состојба од сите останати земји, вклучително и Словенија (17), Хрватска (32), Србија (42), Бугарија (44) и Црна Гора (45). Во рамките на трите различни параметри што ги опфаќа индексот – основни човекови потреби, основи на добросостојба и можности – Северна Македонија е последна во регионот според параметарот „основи на добросостојба", според „основните човечки потреби" е во средината на државите од регионот, додека, пак, се наоѓа меѓу најлошите три држави според параметарот „можности".[15]

## *Не се издвојуваат доволно средства за младите и младинските политики. Националниот буџет за 2024 година предвидува зголемени инвестиции во образованието*

Законот за младинско учество и младински политики[16] (ЗМУМП), кој беше донесен во јануари 2020 година, уредува низа важни аспекти по-

13 https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/soop%C5%A1tenija/visoka-e-cenata-%C5%A1to-%E1%B8%B1e-ja-platime-ako-krizata-so-u%C4%8Denjeto-ne-stane-nacionalen-prioritet

14 Достапен на: https://youthprogressindex.org/

15 За повеќе, види: Радио МОФ (20 октомври 2023). *С. Македонија меѓу најлошите во регионот според новиот Индекс на младински развој.*

16 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 10/2020.

врзани со младите и нивното живеење, вклучувајќи ги формите на младинско организирање, учеството на младите во процесот на креирање политики и донесување одлуки што се однесуваат на младите, како и носењето на стратешките документи поврзани со младите на локално и на централно ниво. Три години по неговото донесување, неговата имплементација останува на ниско ниво и голем дел од предвидените механизми сѐ уште не се имплементирани. Во неколку наврати, граѓанските организации и претставници на институциите (како што се Собранието и Агенцијата за млади и спорт) ја потенцираат потребата од измени на ЗМУМП во блиска иднина.

Според податоците од вториот монторинг[17] за имплементација на ЗМУМП, спроведен од страна на Националниот младински совет на Македонија[18], иако постојат одредени подобрувања во споредба со првиот мониторинг, општините сѐ уште покажуваат мал интерес за имплементација на законските обврски за формирање локален младински совет, канцеларија за млади и/или младински центар. Единствено во поглед на именувањето службеник за млади (79 % од општините имаат службеник за млади) постои задоволителен опфат на локално ниво. Во извештајот се наведува и дека само 19 општини имаат формирано локален младински совет, 7 општини имаат формирано младински центри, а 14 се во фаза на формирање. Дополнително, локални стратегии за млади се усвоени во само 7 општини.

На национално ниво, исто така постои застој во спроведувањето. Имено, Националното собрание за млади и Националното советодавно тело сѐ уште не се формирани, а Истражувачкиот центар за теми поврзани со младите не е воспоставен во Агенцијата за млади и спорт (АМС). Како позитивен исчекор може да се издвои обврската за донесување нова Национална стратегија за млади, која беше донесена во септември 2023 година.[19]

Слични забелешки се евидентирани и во анализата за финансирање младински политики спроведена од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер[20], која исто така посочува на предизвикот на

17 Првиот мониторинг се однесува на 2022 година, додека, пак, вториот мониторинг за 2023 година.

18 Кулаков, Ф. (2023). 2023 мониторинг извештај за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики. Скопје: Национален младински совет на Македонија.

19 Законскиот рок за нејзино донесување беше јули 2021 година.

20 Шапкова-Коцевска, К. (2023). Финансирање на младински политики. Анализа на издвоени средства за Законот за младинско учество и младински политики во 2022 година. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

следењето на трошењето поради недоречености во законот за тоа кои средства се сметаат за средства што се издвојуваат за спроведување на ЗМУМП. Дополнително, како суштински недостаток на овој закон се јавува и отсуството на одредби со кои се уредуваат надзорот и контролата врз спроведувањето на законот, што доведува до доцнење и неизедначена примена на законот од страна на надлежните субјекти. Во законот, како што забележува анализата, не е утврдено ниту што би се случило доколку во буџетот се планираат и се издвојат средства, но тие не се реализираат целосно или воопшто не се реализираат. Според оваа анализа, вкупниот буџет на АМС, која е примарен орган што треба да се грижи за младинските политики, изнесува 0,2 % од вкупните расходи на Буџетот на Република Северна Македонија (РСМ) (период од 2020 до 2022 година). Најголем дел од расходите на АМС отпаѓаат на расходите за спорт (80 % од вкупните расходи). Расходите на програмата Млади се значително пониски и се движат во распон од 3,9 % до 5,2 % од вкупните расходи на АМС во анализираниот период. Споредено со Буџетот на РСМ, расходите на АМС поврзани со програмата Млади изнесуваат 0,008 % од вкупните расходи на Буџетот. Во врска со финансирањето на локално ниво, утврдено е дека само 16 општини (20 % од вкупниот број општини) реализирале трансакција кон одредена форма на младинско организирање[21] (ФМО) во 2022 година.

Првичните анализи[22] на предлог-буџетот за 2024 година, кој беше усвоен од Владата, покажуваат дека дополнително ќе се намалат средствата за млади. Со предлог-буџетот се предвидува финансирањето на АМС да се намали за 16 %, односно 54 милиони денари помалку од 2023 година. Кратењето е кај сите програми, но најдрастично во ставката Млади, која планирано е да се намали за една третина, од 21,8 милиони денари во 2023 година на 14,6 милиони денари во 2024 година. Ваквите кратења ќе го намалат и онака веќе малиот удел на програмата Млади во вкупниот буџет на агенцијата, а го загрозуваат и финансирањето на приоритетните области во новодонесената Национална стратегија за млади (2023-2027).

Со предлог-буџетот за 2024 година, буџетот на Министерството за образование и наука (МОН) е планирано да се зголеми за 3,75 милијар-

21 Законот препознава четири форми на ФМО: младински организации, организации за млади, младински чадор-организации и Националното собрание на млади.

22 Радио МОФ (20 ноември 2023). Помалку пари за млади, наука и екологија – Што предвидува Предлог-буџетот за 2024. https://www.radiomof.mk/pomalku-pari-za-mladi-nauka-i-ekologija-shto-predviduva-predlog-budzhetot-za-2024-infografik/

ди денари, односно 13 % во споредба со Буџет од 2023 година. Според анализата на Радио МОФ[23], зголемувањето најмногу се должи на ставката децентрализација, каде што во најголем дел спаѓаат платите и надоместоците за вработените во основните и средните училишта што во меѓувреме пораснаа, додека, пак, процентуално најголемо зголемување има во ставката инвестиции во образованието (+44 %), како и кај ученички стандард, во основното и средното образование, кои растат за околу третина. Пад се забележува во ставката студентски стандард, која е намалена за речиси 10 %, како и во парите предвидени за наука, кои се за 5 % помалку во споредба со Буџетот за 2023 година.

## *Донесена е нова Национална стратегија за млади 2023-2027*

Во септември 2023 година, Владата на Република Северна Македонија ја усвои и ја донесе третата по ред Националната стратегија за млади 2023-2027 со акциски план за 2023-2025 година.[24] Со Стратегијата се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите во државата. Главен императив на Стратегијата е да ја унапреди положбата на младите во општеството поставувајќи основни принципи на дејствување и цели и мерки што нудат реформска рамка, пред сè, за институциите, но и за останатите чинители при овозможување на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси.

Националната стратегија за млади 2023-2027 опфаќа осум приоритетни области: 1. Младинско учество; 2. Младинско информирање; 3. Младинска работа; 4. Образование; 5. Култура; 6. Здравје; 7. Претприемништво и поддршка пред вработување; и 8. Безбедност (насилство) како нова тема што не беше предмет на претходните стратегии за млади. Во рамките на приоритетните области се преточени и голем број хоризонтални теми и предизвици, како што се: родовата рамноправност, унапредувањето на животната средина, справувањето со кризи и шокови (како што е КОВИД-19), учеството во демократскиот живот, членството во Европската Унија и дигиталната трансформација. При дефинирањето на целите и мерките, предвид се земени и политиките и принципите што се врамени во Европската стратегија за млади 2019-2027, како и Целите за одржлив развој на Обединетите нации. Во креирањето на Стратегија-

23 Ibid.

24 „Службен весник" бр. 204 од 29.09.2023 година.

та учествувале над 1.300 млади лица и претставници на институциите. Стратегијата за првпат вклучува индикатори за мерење на успешноста во сите осум области што се дел од Стратегијата.

## *Родовите стереотипи и предрасуди преовладуваат кај повеќето млади*

Според анализата на родовите (не)еднаквости низ призмата на младите[25], повеќе од 90 % од младите во Северна Македонија, независно од полот, слушнале за терминот родова еднаквост, но само мал дел од нив го разбираат неговото значење и придобивките што ги носи родовата еднаквост. Дополнително, иако свеста за родовата стереотипизација е добро развиена кај повеќето млади (три четвртини од младите сметаат дека во државата постојат родови стереотипи), тоа не ја спречува застапеноста на стереотипите. Близу две третини од анкетираните млади сметаат дека родовите стереотипи се присутни во нивното најблиско окружување, додека, пак, секој трет млад човек лично искусил родово стереотипно однесување и негативните влијанија од него, при што почесто родовите стереотипи ги искусуваат младите жени и младите од малцинските етнички заедници. Истовремено, наодите од истражувањето водат до тоа дека најмногу родово стереотипни убедувања кај младите има во однос на политичката активност и учеството во донесување одлуки на жените. Дополнително, загрижува и тоа што 60 % од анкетираните млади сметаат дека жените се предодредени за грижа за децата и семејството. Во однос на просторот каде што најчесто се појавуваат родовите предрасуди и стереотипи, како главни извори се јавуваат семејството, социјалните медиуми и образованието.

Во однос на факторите што ги поддржуваат родовата еднаквост и социјалната кохезија, истражување спроведено во земјите од Западен Балкан преку комбиниран метод[26] покажува дека повеќето млади ја препознаваат важната улога на родовата еднаквост во придонесот за социјалната кохезија и градењето поправедно општество. Меѓутоа, дел од младите сè уште родовата еднаквост ја гледаат како контрапродуктивна за достигнување на социјалната кохезија. Во однос на перцепциите на младите во врска со прашањето кои фактори помагаат за посилно и поправедно општество, најпопуларните опции во целиот регион се ед-

25 Трајановска, Љ. (2023). Анализа на родовите (не)еднаквости низ призмата на младите во Северна Македонија. Скопје: Национален младински совет на Македонија и Здружени за еднакви можности „Мрежа Стела“.

26 UN Women (2023). Voices of Youth: Gender Equality and Social Cohesion in the Western Balkans. Serbia: UN Women.

наков пристап до квалитетно образование и еднакви можности за труд. Родовата еднаквост е на третото место, тесно врзана со еднаков пристап до здравствена заштита. Дополнително, анализата покажува дека најголемите пречки и предизвици за родовата еднаквост и социјалната кохезија се негативните наследства од минатото, традиционалните родови улоги, општествените очекувања од жените и мажите, хегемоничната и токсичната машкост, родово заснованото насилство, говорот на омраза и корупцијата.

И покрај ваквите предизвици, државата сè уште нема воведено формално сексуално образование во основните и во средните училишта. Во 2021 година, во рамките на три основни училишта беше спроведена пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование (ССО). Евалуацијата на програмата спроведена од страна на Бирото за развој на образованието, во соработка со ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, покажува дека опфатените ученици знаат многу повеќе за своето сексуално и репродуктивно здравје и права, за разлика од своите соученици во другите училишта низ земјата. Изработена е и нацрт-верзија на Националната стратегија за ССО за периодот 2023-2028 година, која сè уште не е усвоена.

## *Распространетост на хомофобични ставови и нивното влијание врз економијата*

Според резултатите од Европското општествено истражување (ЕОИ), кое за првпат беше спроведено во Република Северна Македонија во 2021-2022 година, македонските граѓани живеат во една од најхомофобичните земји во регионот. Високото ниво на хомофобичност кај општата популација го потврдува и последователното истражување базирано врз ЕОИ, при што таа е повеќе распространета кај повозрасната популација и поприсутна кај мажите во споредба со жените.

Последиците од дискриминацијата и невклучувањето на ЛГБТИ заедницата во економијата се големи. Според процените на Светска банка, економијата на Северна Македонија би добивала дополнителни 64 милиони долари, а годишниот бруто-домашен производ (БДП) би се зголемил, во просек, за 0,6 % доколку се намалат бариерите за влез на пазарот на труд за ЛГБТИ лицата што се соочуваат со дискриминација поради нивната сексуална ориентација и родовиот идентитет.[27]

27 World Bank (2023). Economic Cost of Exclusion Based on Sexual Orientation, Gender Identity and Expression, and Sex Characteristics in the Labor Market in the Republic of North Macedonia.

## *Менталното здравје кај младите станува сè поранливо*

Неодамнешна студија на УНИЦЕФ покажува дека по завршувањето на пандемијата, зголемен е процентот на деца што се соочуваат со анксиозност и депресија. Дури 30 % од децата од 10 до 18-годишна возраст се соочуваат со депресија, а над 40 % со анксиозност. Според истражувањето на ХБСЦ[28] од 2022 година, поврзано со здравјето на децата на училишна возраст од 11 до 15 години, исто така се бележи зголемување на процентот на оние што се пожалиле на психосоматски тегоби еднаш неделно, при што позасегнати (64 %) се девојчината на 15-годишна возраст, додека, пак, 37 % од момчињата се засегнати од истиот проблем.

Во јануари 2024 година, Владата на Република Северна Македонија, по иницијатива на Министерството за труд и социјална политика и Националниот совет на млади на Македонија, ја донесе Националната стратегија за ментално здравје на млади 2024-2026. Стратегијата посочува на потребата од двонасочен пристап за вклучување на младите во релевантни политики, програми, сектори, на национално и на локално ниво, како и на фокусирана акција за зајакнување на нивното ментално здравје. Исто така, се упатува на развој на систем на соработка помеѓу образовниот, социјалниот и здравствениот сектор, како и промовирање на интеграцијата помеѓу услугите за ментално здравје и другите релевантни сектори, како што се образованието, социјалните услуги и поддршката за вработување. При усвојувањето на оваа Стратегија, препорачано е формирање Национално координативно тело на сите носители на активности и проекти, кое ќе го следи спроведувањето на Стратегијата.

28 Студијата за однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст (HBSC – Health Behaviour in School Aged Children Study) е меѓународна лонгитудинална студија што се спроведува секоја четврта година во повеќе од 50 земји, меѓу кои и Северна Македонија.



# МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИМЕРОК

Методолошкиот пристап во ова четврто по ред истражување на социо-политичко учество на младите во Северна Македонија како основа ги зема трите претходно спроведени истражувања од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер во 2019, 2020 и во 2021 година. Со цел да се добие споредбен приказ на развојот на трендовите во споредба со претходните истражувања, голем дел од прашањата што беа дел од минатите истражувања се повторуваат и во ова истражување.

**Фокусот на истражувањето е на перцепциите на младите за граѓанската и политичката вклученост, институциите и општеството. Истражувањето опфаќа три сегменти:**

**(1) деск-анализа на истражувања, анализи и политики за младите во земјата;**

**(2) квантитативно истражување спроведено преку теренска анкета; и**

**(3) квалитативно истражување спроведено преку фокус-групи.**

Во ова истражување, поимот „млади лица“ се однесува на граѓани на Република Северна Македонија од 15 до 35-годишна возраст. Иако, според Законот за младинско учество и младински политики, горната граница за „младост“ е 29 години, како и во трите претходни истражувања, се одлучивме за поширока дефиниција што е поместена за да ги вклучува и лицата до 35-годишна возраст. Ова поместување на горната граница доаѓа од аргументите за т.н. „продолжена младост“ во литературата и овозможување споредба на податоците со претходните истражувања.

## *Опис на национално репрезентативниот примерок за теренска анкета*

Во истражувањето спроведено преку теренска анкета е користен повеќестепен стратификуван национално репрезентативен примерок. Големината на примерокот е 1025 млади лица 15 до 35-годишна возраст и дополнителен примерок („booster“) на 32 испитаници, лица со физичка или сензорна попреченост.

Испитаниците се пропорционално дистрибуирани според местото на живеење (град/село) низ сите 8 региони во Македонија, како и според етничката припадност.

Првенствено популацијата е стратификувана во однос на три варијабли: етничка припадност, степен на урбанизација и регион, и се дефинирани категории според овие три клучни варијабли.

Потоа, секоја општина во регионот е поделена на шест подгрупи: етнички Македонци во урбани и рурални населени места, етнички Албанци во урбани и рурални населени места и други етнички заедници во урбани и рурални населени места.

Прашалникот од квантитативното истражување ги опфати следниве теми:

- Перцепции за општествените текови во земјата и позицијата на младите во општеството;
- ЕУ-интеграции и членство во НАТО;
- Миграции и поглед кон иднината кај младите;
- Информирање на младите;
- Доверба во институциите и личното влијание врз процесите на одлучување;
- Граѓанско учество на младите во општеството;
- Учество на избори и членство во политички партии;
- Политички вредности и критичка мисла;
- Толеранција и перцепција за другите.

Теренското анкетирање беше спроведено во август и во септември (од 20 август до 1 септември) 2023 година.

**Приказ 1: Дистрибуција на национално репрезентативниот примерок според старосни групи**



**Приказ 2: Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според пол**




**Приказ 3: Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според етничката припадност**




**Приказ 4: Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според местото на живеење**



**Приказ 5:** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според региони




**Приказ 6:** Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според степенот на образование



**Приказ 7: Дистрибуција на испитаниците од репрезентативниот примерок според работниот статус**




**Приказ 8: Дистрибуција на испитаниците според финансиски статус**




## *Фокус-групи*

За потребите на истражувањето беа спроведени и пет фокус-групи со млади од 15 до 35-годишна возраст. Целите на квалитативното истражување (фокус-групите) беа да се добие подлабок увид во ставовите на младите и да се разберат мислењата и искуствата на учесниците, но и да се идентификуваат причините за нивните верувања, однесувања и перцепции.

Во рамките на фокус-групите беа опфатени следниве пет теми:

- Перцепции за општата социополитичка состојба во државата и подготвеноста за граѓанско учество;
- Перцепции за политичарите во земјата и идеалниот лидер;
- Перцепции за ЕУ и НАТО;
- Перцепции за демократијата;
- Перцепции за толеранцијата помеѓу младите.

**Приказ 9: Профил на учесниците во фокус-групите**

| Број на фокус-група (фг) | Етничка припадност | Старосни категории | Место на живеење |
|---|---|---|---|
| 1 фг | Македонци | 16-19 | Скопје, Битола, Куманово, Струмица, Велес |
| 2 фг | Македонци | 20-25 | |
| 3 фг | Македонци | 26-35 | |
| 4 фг | Албанци | 15-25 | Кичево, Тетово, Куманово, Крушево, Скопје |
| 5 фг | Албанци | 26-35 | |

## *Ограничувања на истражувањето*

Истражувањето дава податоци за ставовите и мислењата на младите за одреден временски интервал, кои може да подлежат на промени со текот на времето.

Сите истражувања може да бидат подложни на различни извори на грешки, вклучувајќи ги и грешката на примерок, грешката на достапност на испитаниците и грешката на мерење. Предвидената маргина на грешка за ова истражување изнесува ±3,46 процентни поени на 95 % ниво на доверба. Ова значи дека доколку истото истражување се спроведе 100 пати, очекуваме во 95 % од тие истражувања, процентите на одговори да бидат некаде меѓу оваа маргина на грешка. Маргината на грешка е поголема помеѓу различни подгрупи испитаници.

Исто така, во теренската анкета беше вклучен дополнителен примерок („booster") од 32 испитаници, млади лица со сензорна и/или моторна попреченост, со цел да се добие подобар увид во ставовите и перцепциите на оваа група млади луѓе што се помалку застапени во национално репрезентативниот примерок. Поради ограничениот број испитаници

во дополнителниот примерок („booster“), односно малата статистичка маса, податоците треба да бидат земени единствено како показатели.

Треба да се напомене и дека прибирањето податоци во истражувањето спроведено во 2023 година беше изведено преку теренска анкета, додека, пак, во рамките на трите претходни истражувања, прибирањето податоци беше реализирано преку телефонска анкета. Различниот метод на прибирање податоци може да доведе до одредени промени во трендовите што се анализираат. Дополнително, треба да се забележи дека демографската структура на примерокот за трите претходни истражувања беше базирана врз податоците од пописот од 2002 година, додека, пак, во истражувањето од 2023 година, како референтна точка беше земен пописот од 2021 година. Наодите од фокус-групите треба да бидат земени како показатели за гледиштата и однесувањето на учесниците во овие групни дискусии и тие не треба безусловно да се прифатат како репрезентативни за ставовите и мислењата на млади граѓани во Република Северна Македонија.




# НАОДИ ОД ТЕРЕНСКА АНКЕТА НА РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК: СОЦИОПОЛИТИЧКО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПЕРЦЕПЦИИ НА МЛАДИТЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ТЕКОВИ ВО ЗЕМЈАТА И ПОЗИЦИЈАТА НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

Првата тема опфатена со теренската анкета се состоеше од збир на прашања што ги испитуваа ставовите на младите за општествените текови во земјата. Нашата главна цел беше да се измери нивната перцепција за насоката во која се движи земјата во моментов и општото задоволство на младите со нивното место во општеството.

## *Сè поголем број млади се незадоволни од насоката во која се движи државата*

На самиот почеток од теренската анкета, од испитаниците беше побарано да ја споделат нивната перцепција за насоката во која се движат работите во нашата земја. Точно половина од младите (49,8 %) сметаат дека насоката во која се движи земјата е погрешна, а само 16,9 % од младите сметаат дека земјата се движи во правилна насока. Речиси една третина од младите (30,3 %) истакнуваат дека работите во земјата стагнираат, односно ниту се движат во правилна, ниту во погрешна насока.

**Приказ 10: Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или во погрешна насока?**




Разложено според демографските карактеристики, најголеми песимисти во однос на насоката се младите од 19 до 24-годишна возраст, младите етнички Македонци, младите со финансиски потпросечни примања и младите што не се членови на организации.

**Приказ 11: Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или погрешна насока? (според возраст, етничка припадност, финансиски статус и учество во организации – одговор „Во погрешна насока“)**

| Според возраст (одговор „Во погрешна насока“) | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 години | 19-24 години | 25-29 години | 30-35 години |
| 43,9% | 53% | 47% | 51,9% |

| Според етничка припадност (одговор „Во погрешна насока“) | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 62,5 % | 55,9 % | 48,8 % |

| Според финансиски статус (одговор „Во погрешна насока“) | | |
|---|---|---|
| Примања под просекот | Просечни примања | Над просечни примања |
| 61,9 % | 47,9 % | 37,5 % |

| Според учество во организации (одговор „Во погрешна насока“) | |
|---|---|
| Членува во организација | Не членува во организација |
| 35,7 % | 53,7 % |

Ако се направи споредба со наодите од трите претходни истражувања, низ годините, може да се забележи континуирано и значително намалување на процентот на млади што сметат дека земјата се движи во правилна насока за сметка на значителното зголемување на бројот на млади што сметаат дека земјата се движи во погрешна насока. Во споредба со податоците од 2019 година, за повеќе од двапати е зголемен бројот на млади што сметаат дека земјата се движи во погрешна насока (од 23,7 % во 2019 година на 49,8 % во 2023 година), додека, пак, бројот на младите што сметаат дека работите се движат во правилна насока е преполовен (од 31,4 % во 2019 година на 16,9 % во 2023 година).

**Приказ 12: Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или во погрешна насока? (тренд-анализа)**




## *Економската ситуација во државата е исто така негативно оцената*

Слично како и кај општата ситуација, младите негативно ја оценуваат и економската ситуација во земјата. На прашањето „Општо земено, дали економската ситуација во земјата се движи во правилна или погрешна насока?“,[29] повеќе од половината од младите (57 %) сметаат дека земјата се движи во погрешна насока на економски план, додека, пак, само 11,3 %, или малку повеќе од еден од десет млади луѓе, сметаат дека земјата се движи во правилна економска насока. Речиси една третина од младите (29,4 %) сметаат дека економијата стагнира, односно ниту оди во правилна, ниту во погрешна насока.

29 Прашањето за економската ситуација е ново дополнително прашање вклучено во истражувањето од 2023 година со цел да се увидат можните разлики во оцените помеѓу општата и економската ситуација.

**Приказ 13: Општо земено, дали економската ситуација во земјата се движи во правилна или во погрешна насока?**




Во споредба со општата ситуација во земјата, младите ја оценуваат економската ситуација за 7 процентни поени полошо.

Ваквите резултати не изненадуваат доколку се има предвид дека најголемите проблеми со кои се соочуваат младите се најчесто од економска природа, што беше опфатено со следното прашање од истражувањето.

## *Нискиот стандард и приходите, но и невработеноста се најголемите проблеми што ги идентификуваат младите*

Од низата понудени одговори на прашањето „Кои се најголемите проблеми со кои се соочуваш ти лично како млад човек?", како два клучни проблеми отскокнуваат нискиот стандард и приходите (27,4 %), како и можностите за вработување (17,2 %). Следни на листата се учеството на младите во процесите на одлучување (10,6 %), инфраструктурата и јавниот превоз (10,1 %), културата и забавата (9,7 %), квалитетот на образованието (9,3 %) и животната средина и загадувањето (7,6 %).

**Приказ 14: Кои се најголемите проблеми со кои се соочуваш ти лично како млад човек? (еден можен одговор)**




Според возраста, кај младите од 15 до 18-годишна возраст, како најголем проблем се јавува квалитетот на образованието, додека, пак, кај останатите старосни групи (19-35), како најголем проблем се издвојуваат нискиот стандард и приходите. Разбирливо, поголемиот дел од младите со потпросечни примања ги издвојуваат нискиот стандард и приходите како најсериозен проблем со кој се соочуваат наспроти оние со просечни и натпросечни примања. Впечатливо е да се забележи дека не постојат значајни разлики помеѓу приоритетните проблеми идентификувани врз база на местото на живеење, со исклучок на инфраструктурата и јавниот превоз, што е поголем проблем за младите што живеат во руралните средини наспроти оние во градските средини.

## *Мал дел од младите сметаат дека работите ќе тргнат на подобро во блиска иднина*

Понатаму, испитаниците беа запрашани „Дали за пет години од денес, државата ќе биде подобро, полошо или непроменето место за живеење на младите?" Само една четвртина од младите (25,4 %) сметаат дека за пет години од денес, државата ќе биде многу или делумно по-

добро место за живеење на младите, додека, пак, четворица од десетмина млади луѓе (42,4 %) сметаат дека државата ќе биде делумно или многу полошо место за живеење. Речиси една третина од испитаниците (28,8 %) сметаат дека работите ќе останат повеќе или помалку исти во блиска иднина.

**Приказ 15: Според твоето мислење, за 5 години од денес, државата ќе биде...?**




Во однос на ова прашање не постојат значајни разлики во мислењата кај младите според демографските варијабли опфатени со истражувањето.

Во однос на трите претходни истражувања, доаѓа до значително зголемување на процентот на испитаници што искажуваат негативна перцепција за иднината. Во споредба со 2019 година, бројот на младите што сметаат дека земјата ќе биде делумно или многу полошо место за живеење е зголемен за високи 24,8 %.

**Приказ 16: Според твоето мислење, за 5 години од денес, државата ќе биде...? (тренд-анализа)**




Сето ова покажува дека, генерално, идните очекувања на младите во Северна Македонија се прилично ниски. Односно повеќето млади покажуваат зголемен песимизам за тоа како ќе изгледа државата, а кај не толку мал дел постои и уверување дека ништо суштински нема да се смени во блиска иднина.

### *И покрај тоа, кај дел од младите постои претпазлив оптимизам за можностите од позитивни промени во иднина, главно поврзан со вербата во членство во Европската Унија*

На прашањето „Дали нашата држава има потенцијал за позитивни промени во иднина?", една четвртина од младите (25,1 %) сметаат дека нашата држава воопшто нема потенцијал за позитивни промени во иднина, додека, пак, 33,8 % гледаат мал потенцијал за позитивни промени. Остатокот од младите гледаат пооптимистички на иднината, но тие се умерени во своите очекувања. Само кај 6,2 % од младите постои уверување дека има многу простор за позитивни промени, додека, пак, 31,6 % гледаат донекаде простор за такво нешто.

**Приказ 17: Дали нашата држава има потенцијал за позитивни промени во иднина?**




Како главен фактор на оптимизам што влијае врз перцепциите на младите за иднината се издвојува нивната верба во зачленувањето во Европската Унија. Од оние млади што сметаат дека земјата ќе стане членка на Унијата, високи 77,9 % гледаат можност за позитивни промени во иднина. Истовремено, кај младите што сметаат дека земјата нема да стане членка на Унијата, само 17,6 % гледаат можност за позитивни промени во иднина.

**Приказ 18: Дали нашата држава има потенцијал за позитивни промени во иднина?/Дали нашата земја некогаш ќе стане членка на ЕУ?**



### *Повеќето млади се незадоволни со своето место во општеството*

Во овој дел, ставовите на младите се истражуваа и според нивното задоволство со своето место во општеството. Помалку од една третина од младите (31,8 %) се целосно или прилично задоволни со своето место во општеството, додека, пак, 7 од 10 млади се делумно или воопшто незадоволни (67,4 %).

**Приказ 19: Како млад човек, колку си лично задоволен со своето место во општеството?**




Најголемото незадоволство во однос на општествената позиција се јавува кај младите со потпросечни примања. Попрецизно, процентот на млади со потпросечни примања, кои воопшто не се задоволни со своето место во општеството, е за повеќе од трипати поголем од оној кај младите со натпросечни примања, односно 38,6 % и 12,5 %, соодветно.

**Приказ 20: Како млад човек, колку си лично задоволен со своето место во општеството? (според финансискиот статус)**




Во однос на ова прашање, ставовите на младите остануваат непроменети во споредба со претходните истражувања, односно укажуваат на тоа дека нивната општествена позиција останува главно непроменета од 2019 година, па сè до денес.

**Приказ 21: Како млад човек, колку си лично задоволен со своето место во општеството? (тренд-анализа)**



# МЛАДИНСКИТЕ СТАВОВИ ЗА ЕВРОПСКАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ЗЕМЈАТА И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО

Овој дел од анкетата се состоеше од прашања што се однесуваа на ставовите и мислењата на младите во однос на неколку клучни аспекти поврзани со европските интеграции на земјата, меѓу кои и очекувањата околу членството, направениот напредок во последните 12 месеци, локусот на контрола врз процесот на пристапување кон ЕУ и степенот на информираност на младите за самиот процес. Во рамките на овој дел беа вклучени и две прашања поврзани со перцепциите на младите околу придобивките од членството во НАТО.

## *Видливо опаѓа бројот на млади што сметаат дека земјата ќе стане дел од ЕУ*

Запрашани дали Република Северна Македонија некогаш ќе стане членка на ЕУ за прв пат откако се спроведува истражувањето, поголем процент од младите (43 %) се изјасниja дека не веруваат дека земјата ќе стане дел од Унијата, во споредба со оние што сметаат дека ќе стане (37,6 %). Околу една петтина од младите (19,4 %) не знаат дали земјата ќе стане членка.

**Приказ 22: Според твоето мислење, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?**




База: 1025 (Сите испитаници)

Тренд-анализата, во споредба со 2019 година кога за првпат беше спроведено истражувањето, покажува значаен пад од 21,9 % на оптимизмот во однос на зачленувањето во ЕУ и за сметка на тоа зголемување од 14,6 % на бројот на млади што сметаат дека земјата нема да стане членка на Унијата.

**Приказ 23: Според твоето мислење, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија? (тренд-анализа)**




Според демографските карактеристики на примерокот, најголеми песимисти дека земјата ќе стане членка на Унијата се младите помеѓу 30 и 35-годишна возраст и младите помеѓу 19 и 24-годишна возраст.

**Приказ 24: Според твоето мислење, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија? (според возраст – одговор „Нема да стане членка“)**

| Според возраст – одговор „Нема да стане членка“ | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 години | 19-24 години | 25-29 години | 30-35 години |
| 36,4 % | 44,9 % | 40,9 % | 46,1 % |

Според етничката припадност, процентот на етнички Македонци што сметаат дека земјата нема да стане членка на Унијата е изразено повисок отколку кај етничките Албанци и другите етнички групи.

**Приказ 25: Според твоето мислење, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија? (според етничка припадност)**

| Според етничка припадност – одговор „Нема да стане членка“ | | |
| --- | --- | --- |
| Македонци | Албанци | Други |
| 47,8 % | 30,6 % | 42,1 % |

## *Младите не очекуваат дека влезот во ЕУ ќе се случи наскоро*

Оние испитаници што одговорија дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ беа дополнително запрашани за годината кога сметаат дека може да се случи тоа. За разлика од трите претходни истражувања (во 2019, 2020 и 2021 година), каде што просечното време за влез на земјата беше проценето помеѓу 6 и 7 години тргнувајќи од денот на истражувањето, во последното истражување во 2023 година таа граница се помести за дополнителни две години, т. е. на 9 години од денес или, поточно, 2032 година како можна година кога земјата би станала членка на Унијата. Ваквите резултати укажуваат на тоа дека се зголемува песимизмот по однос на времетраењето на процесот на зачленување дури и кај оние млади што веруваат дека еден ден земјата ќе стане членка на Унијата.

**Приказ 26: Кога сметаш дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ?**




**2032 - просечна година за влез во ЕУ**

База: 385
(Сите испитаници кои сметаат дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ)

**Приказ 27: Кога сметаш дека нашата земја ќе стане членка на ЕУ? (тренд-анализа)**

- Во 2019 година, просечната година за членство во Унијата е 2025 година (6 години од денот на истражувањето);
- Во 2020 година, просечната година за членство во Унијата е 2026 година (6 години од денот на истражувањето);
- Во 2021 година, просечната година за членство во Унијата е 2028 година (7 години од денот на истражувањето);
- Во 2023 година, просечната година за членство во Унијата е 2032 година (9 години од денот на истражувањето).

Интересно е тоа што 2032 година, како просечна година што младите ја идентификуваат за зачленување во ЕУ, не отстапува значително од аспирациите на Владата, според кои 2030 година е „амбициозна, но остварлива цел“[30]. Подобни пораки за неопходноста од подготвеност за проширување до 2030 година доаѓаат и од самата ЕУ.[31]

## *Според мислењето на младите, процесот на приближување кон ЕУ тапка во место во споредба со минатата година*

Резултатите од анкетата покажуваат дека најголем дел од младите (44 %) сметаат дека ситуацијата со процесот на пристапување во ЕУ е непроменет во текот на последните 12 месеци, додека, пак, 33,6 % сметаат дека сме се оддалечиле од влезот во ЕУ, а само 17,2 % сметаат дека сме поблиску.

30 https://vlada.mk/node/34988

31 Види изјава на Шарл Мишел, претседател на Европскиот совет, дадена на Бледскиот стратешки форум во Словенија во август 2023 година: „Европската Унија мора да биде подготвена за проширување до 2030 година ако сака да остане кредибилна“. https://www.euronews.com/my-europe/2023/08/28/eu-must-be-ready-to-accept-new-members-by-2030-charles-michel

## Приказ 28: Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија во однос на ова време минатата година?[32]




Во споредба со претходните истражувања, преку тренд-анализата на ова прашање се забележува поместување во перцепциите на младите, особено кај младите што сметаат дека процесот стагнира. Попрецизно, постои зголемување од 13,9 % кај младите што сметаат дека состојбата е непроменета во однос на пристапувањето во ЕУ во споредба со истото време минатата година.

## Приказ 29: Дали сметаш дека сме поблиску или подалеку од влезот во Европската Унија во однос на ова време минатата година?[33] (тренд-анализа)




32 Теренското истражување беше спроведено во август 2023 година.

33 Теренското истражување беше спроведено во август 2023 година.

Во однос на ова прашање, постојат одредени разлики во одговорите меѓу испитаниците со различна етничка припадност. Имено, испитаниците од албанскиот етникум во поголем процент (24,1 %) сметаат дека земјата е поблиску до влез во ЕУ за разлика од испитаниците Македонци (14,1 %) и другите етникуми (19,8 %).

## *Според мислењето на младите, процесот на зачленување еднакво зависи и од внатрешни и од надворешни фактори*

Запрашани за тоа од кого најмногу зависи зачленувањето во ЕУ, младите сметаат дека тоа зависи најмногу од земјите членки на ЕУ и нивната подготвеност за проширување (50,2 %), но во сличен процент и од државните власти и од исполнувањето на критериумите за членство (48 %). Решавањето на спорот со Бугарија како пречка ја гледаат 44,8 % од младите, додека, пак, влијанието на други фактори надвор од земјата и ЕУ се важен фактор за 29,2 % од младите.

**Приказ 30: Од кого најмногу зависи брзината на зачленувањето на нашата земја во ЕУ?**




Во однос на наведените фактори, постојат одредени разлики во перцепциите врз основа на етничката припадност на испитаниците. Имено, младите етнички Албанци и младите од другите етнички групи, како најголема пречка кон евроинтеграциите го гледаат решавањето на спорот со Бугарија, додека, пак, етничките Македонци сметаат дека најголема пречка е колку другите земји членки на ЕУ се подготвени за проширување.

**Приказ 31: Од кого најмногу зависи брзината на зачленувањето на нашата земја во ЕУ? (според етничка припадност)**




Дополнително, вкрстената анализа на одговорите на прашањата од кого најмногу зависи брзината на зачленувањето во ЕУ и дали некогаш нашата земја ќе стане членка на Унијата покажуваат разлики во мислењата на младите во врска со процесот на зачленување во ЕУ и факторите што влијаат врз зачленувањето. Кај младите што се скептични дека земјата ќе стане дел од ЕУ, главниот фактор за брзината на зачленувањето е подготвеноста на другите земји членки на ЕУ за проширување, а потоа следува улогата на државните власти и исполнувањето на критериумите за членство со решавањето на спорот со Бугарија како последен и најмалку важен аспект. Впечатливо, ваквиот податок укажува на тоа дека блокадата од Бугарија не е главната пречка поради која младите сметаат дека земјата нема да стане членка на Унијата, туку, напротив, речиси е двојно помалку значајна од другите два фактора. Наспроти тоа, интересно е дека кај младите што веруваат дека земјата ќе стане членка на ЕУ, решавањето на спорот со Бугарија се издвојува како најважен фактор од кој ќе зависи брзината на пристапниот процес, додека, пак, подготвеноста на другите земји членки и улогата на државните власти имаат малку помало влијание.

**Приказ 32: Од кого најмногу зависи брзината на зачленувањето на нашата земја во ЕУ?/Дали нашата земја ќе стане членка на ЕУ?**




## *Младите имаат недоволно познавање на процесот на преговори*

Запрашани за тоа колку се запознаени со процесот на преговори на нашата земја за членство во ЕУ, близу еден од петмина млади луѓе воопшто не се запознаени со процесот (17,4 %), а само 5,5 % се одлично запознаени. Остатокот од младите се изјаснуваат како малку (35,5 %) или донекаде запознаени (40,3 %) со процесот.

**Приказ 33: Колку си запознаен/-а со процесот на преговори на нашата земја за членство во ЕУ?**




Меѓу демографските показатели гледаме дека информираноста за процесот на преговори расте со возраста, при што младите од 15 до 18-годишна возраст се најмалку информирани, а оние од 30 до 35-годишна возраст се најмногу информирани. Бројот на млади од 15 до 18-годишна возраст што воопшто не се запознаени со процесот на преговори изнесува високи 37,4 % и е далеку поголем во однос на останатите групи, од 19 до 24-годишна возраст (18,2 %), од 25 до 29-годишна возраст (12,6 %) и од 30 до 35-годишна возраст (9,7 %).

Гледаме и дека информираноста е поврзана и со степенот на завршено образование, при што оние со повисок завршен степен на образование се поинформирани за тоа како тече процесот. Повеќе од една третина од испитаниците со завршено основно или средно образование во тек воопшто не се запознаени со процесот, додека, пак, кај оние испитаници со завршени додипломски или повисок степен на студии, овој процент е далеку помал и изнесува 6,5 %.

Раслоено според местото на живеење, малку поголем е процентот на млади од рурални средини што воопшто не се запознаени со процесот (22 %) наспроти младите од урбани средини (14,5 %).

## *Младите имаат поделени мислења во однос на придобивките од членството во НАТО*

Речиси еднаква е дистрибуцијата на оние млади што сметаат дека постојат придобивки од членството во НАТО (47,3 %) и оние што сметаат дека не постојат придобивки од членството (45,5 %).

**Приказ 34: Дали сметаш дека нашата земја има придобивки од зачленувањето во НАТО?**




Погледнато според етничката припадност, далеку поголеми придобивки од членството во НАТО се забележуваат кај етничките Албанци. Имено, 40,4 % од етничките Албанци гледаат големи придобивки од членството во НАТО, наспроти само 7,7 % од етничките Македонци и 12,4 % од останатите етнички групи.

**Приказ 35: Дали сметаш дека нашата земја има придобивки од зачленувањето во НАТО? (според етничка припадност)**




Во однос на тоа како членството во НАТО влијае врз безбедноста, една третина од младите (34,5 %) се чувствуваат побезбедно, (8,9 %)

се чувствуваат помалку безбедно, а кај малку повеќе од половината од младите (53,9 %), членството во НАТО нема никакво влијание врз нивното чувство на безбедност.

**Приказ 36: Членството во НАТО прави да се чувствувам...**




Како и кај претходното прашање, главната поделба во одговорите е меѓу испитаниците со различна етничка припадност. Имено, високи 60,8 % од етничките Албанци се чувствуваат побезбедно поради членството во НАТО, додека, пак, истото тоа е точно за само 24,7 % од етничките Македонци и 37,4 % од останатите етнички групи.

**Приказ 37: Членството во НАТО прави да се чувствувам... (според етничка припадност)**




Очекувано, 90 % од испитаниците што во голема мера гледаат придобивки од членството во НАТО се чувствуваат побезбедно како резултат на членството, а само 1,8 % помалку безбедно. На другиот крај од спектрумот, испитаниците што воопшто не гледаат придобивки од член-

ството најчесто одговараат дека членството нема никакво влијание врз нивното чувство на безбедност (79,5 %), а само во мал процент сметаат дека членството ги прави помалку безбедни (13,2 %) или повеќе безбедни (4 %).

## *Од различните непогоди и состојби, младите најмногу се плашат од војна*

Испитувањето на стравовите на младите во однос на низа различни прашања покажува дека на прво место младите најмногу се плашат од војна, потоа на второ место од природни непогоди, а на трето место од економска криза. Во малку помал процент, младите стравуваат од еколошка криза и политичка поларизација.

**Приказ 38: Најмногу се плашам од... (еден можен одговор)**




Впечатливо е тоа што кога ќе се вкрстат одговорите на прашањата дали младите се чувствуваат помалку или повеќе безбедно од членството во НАТО со одговорите на испитаниците што најмногу се плашат од војна, не се забележува значајна врска во одговорите. Односно, и младите што гледаат и младите што не гледаат бенефит од членството во НАТО еднакво се плашат од војна. Ова покажува дека чувството на безбедност и стравот од војна не се значително поврзани со перцепциите за членството во НАТО.

# МИГРАЦИИ И ПЛАНОВИ ЗА ИДНИНАТА КАЈ МЛАДИТЕ

### *Голем дел од младите својата иднина ја гледаат надвор од државата*

Кога станува збор за намерите за миграција, две третини од младите (62,3 %) би се иселиле од државата доколку им се укаже таква можност, што претставува загрижувачки сигнал дека младите луѓе својата иднина во поголем дел ја замислуваат надвор од државата.

**Приказ 39: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?**




База: 1025 (Сите испитаници)

Во споредба со трите претходни истражувања, подготвеноста за миграција на младите останува широко распространета појава и во рамките на четвртото истражување. Впечатливо е тоа што иако има зголемено незадоволство со целокупната општествена ситуација и насоката во која се движи државата во рамките на последното истражување, процентот на младите што се подготвени за миграција останува ист како и во претходните истражувања. Едно од можните објаснувања за овој феномен е тоа што високиот „плафон“ или „точката на заситеност“ на желбата за миграции веќе е одамна достигната, при што секое од дополнителните разочарувања нема значително влијание врз желбата за миграција кај младите.

**Приказ 40: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата? (тренд-анализа)**




Припадниците на помалите етнички заедници почесто изјавуваат дека би се иселиле од државата во случај да имаат можност (74,4 %), во споредба со етничките Македонци (62,5 %) и етничките Албанци (55,9 %).

**Приказ 41: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата? (според етничка припадност – одговор „Да, би се иселил/-а“)**

| Според етничка припадност – одговор „Да, би се иселил/-а“ | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 62,5% | 55,9% | 74,4 % |

Според возраста, најмладите (од 15 до 24 години) во најголем процент изјавуваат дека би се иселиле од државата (69 %), во споредба со младите од 25 до 35-годишна возраст, кај кои овој процент изнесува 58 %.

**Приказ 42: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата? (според возраст – одговор „Да, би се иселил/-а“)**

| Според возраст – одговор „Да, би се иселил/-а“ | |
|---|---|
| 15-24 години | 25-35 години |
| 69 % | 58 % |

Според местото на вработување, вработените во приватниот сектор се за точно една третина повеќе подготвени да се иселат, во споредба со вработените во јавниот сектор.

**Приказ 43: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата? (според место на вработување – одговор „Да, би се иселил/-а“)**

| Според место на вработување – одговор „Да, би се иселил/-а“ | |
|---|---|
| Вработени во јавен сектор | Вработени во приватен сектор |
| 43,5 % | 63,9 % |

Највидлива разлика во одговорите меѓу испитаниците во однос на ова прашање се забележува според финансискиот статус. Имено, дури 83 % од младите што имаат потпросечни примања би заминале од државата доколку им се укаже можност.

**Приказ 44: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата? (според финансиски статус – одговор „Да, би се иселил/-а“)**

| Според финансиски статус – одговор „Да, би се иселил/-а“ | | |
|---|---|---|
| Потпросечни примања | Просечни примања | Натпросечни примања |
| 83 % | 59,6 % | 35,7 % |

Според осумте региони во кои живеат младите, исто така е видлив јазот во однос на желбата за иселување од државата.

**Приказ 45: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата? (според региони – одговор „Да, би се иселил/-а“)**




Во однос на факторите што ја поттикнуваат желбата за миграција, постојат низа од нив, меѓу кои и како младите гледаат на насоката во која се движи државата, својата положба во општеството и колку властите се грижат за нивните потреби. Како за илустрација, дури 80 % од младите што сметаат дека властите воопшто не се грижат за нивните потреби и проблеми би се иселиле од државата.

**Приказ 46:** Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?/Колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?




## *Младите што веруваат во членството во ЕУ се помалку склони кон заминување од државата*

Исто така, важно е да се спомене дека желбата за миграција кај младите е директно поврзана со очекувањата на младите за влез на државата во ЕУ. Впрочем, од оние млади што се изјаснија дека државата ќе стане членка на ЕУ, 46,8 % размислуваат да се иселат, додека, пак, истото тоа важи за 76 % од младите што сметаат дека земјата нема да стане членка на ЕУ. Ваквиот податок јасно го нагласува директното значење на зачленувањето во ЕУ за потенцијалните миграциски трендови во Република Северна Македонија.

**Приказ 47: Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?/Според твоето мислење, дали нашата земја некогаш ќе стане членка на Европската Унија?**




Сепак, треба да се напомене дека факторот „ЕУ-интеграции", како можност за задржување на младите, значително го губи своето влијание. Имено, во споредба со истражувањето од 2019 година, бројот на млади што би останале во земјата, а сметаат дека земјата ќе стане членка на ЕУ, е намален за високи 40 %.

**Приказ 48: Процент на млади што би останале во државата, а кои сметаат дека земјата ќе стане членка на Унијата**

| Мај 2019 година | Август 2023 година |
|---|---|
| 86 % | 46,8 % |

Општо земено, големо влијание врз расположението за миграција играат и перцепциите на младите кон можни позитивни промени во иднина. Дури 84 % од младите за кои воопшто не постои потенцијал за позитивни промени би се иселиле од државата. Впечатливо е тоа што дури и младите што гледаат многу простор за позитивни промени, речиси половината од нив (46,9 %) повторно би се иселиле од државата.

**Приказ 49:** Во случај да имате можност, дали би се иселиле од државата?/Според твое мислење, дали нашата држава има потенцијал за позитивни промени во иднина?




## *Сè помал број млади би се вратиле во државата доколку еднаш заминат*

Следното прашање се однесуваше на подготвеноста на младите луѓе да се вратат во државата во случај да мигрираат[34]. Загрижувачки, доколку одлучат да си заминат од државата, единствено 3 % од младите изјавуваат дека со сигурност би се вратиле, а воопшто не би се вратиле 36 % или една третина од младите.

Она што дополнително загрижува е тоа што во споредба со претходното истражување спроведено во 2021 година, расте бројот на млади што на иселувањето гледаат како на „билет во еден правец". Па така, процентот на млади што се изјаснуваат дека нема шанси или има само мали шанси да се вратат се зголемува и изнесува 77 % во 2023 година (раст од 14 % во споредба со 2021 година), а процентот на млади што веројатно или со сигурност би се вратиле изнесува 18 % во 2023 година (пад од 12 % во споредба со 2021 година).

34 Поставено на сите 639 испитаници што изјавија дека би се иселиле.

**Приказ 50: Доколку некогаш одлучите да си заминете од државата, колкави се шансите подоцна да се вратите? (тренд-анализа)**




Оттука, една од главните промени што се издвојува во ова истражување во однос на минатите истражувања не е во бројот на млади луѓе што би се иселиле (што останува релативно константен), туку во бројот на оние што откако ќе се иселат, би решиле да се вратат во земјата.

## *Факторите што ги држат младите во земјата се семејството и пријателите*

Испитаниците беа запрашани да изберат од листа на понудени причини за тоа што ги задржува во земјата. Во најголем дел, причините за останување се поврзани со приватниот домен, односно врските со семејството и пријателите. Останатите аспекти и фактори, како што се економските можности и образованието, не се најдоа во кругот на најважни причини за неиселување од земјата.

**Приказ 51: Кои се најважните причини што те задржуваат во земјата (да не се иселиш)?**




Според демографските карактеристики на испитаниците, може да се забележат неколку помали разлики во однос на причините. Имено, кај испитаничките, поврзаноста со семејството е малку поизразена (66,5 % кај жените, наспроти 59,6 % кај мажите), како и стравот од непознатото (17 % кај жените, наспроти 9 % кај мажите). Според етничката припадност, семејството има поголемо значење кај етничките Албанци (71,4 %), наспроти етничките Македонци (61,2 %) и останатите етнички групи (57 %).

Интересно е да се нотира дека во истражувањето во 2019 година, кое содржеше прашање околу *можните причини за враќање во државата* (прашањето не беше повторено во истражувањето од 2023 година), на прво место повторно избија личните причини, односно можното враќање во голема мера беше поврзано со желбата на испитаниците да бидат во близина на нивното семејство и пријателите. Многу помал е бројот на испитаниците што истакнаа дека би се вратиле ако се подобрат работите во земјата.

# ИЗВОРИ НА ИНФОРМИРАЊЕ И ИНТЕРЕС ЗА СОЦИОПОЛИТИЧКИОТ РАЗВОЈ МЕЃУ МЛАДИТЕ

Во овој сегмент, анкетата се фокусираше на прашања поврзани со идентификувањето на изворите и практиките на информирање кај младите, оцената на релевантноста на изворите за информирање и степенот на интерес кај младите за следење на социополитичките настани.

## *Мнозинството млади не следат и не се интересираат за политиката и општеството*

Резултатите покажува дека повеќето млади луѓе изразуваат ниско ниво на интерес за следење на социополитичките случувања во земјата. Имено, близу еден од петмина млади луѓе (18,8 %) никогаш не се информираат за политичките случувања, 35,1 % ретко го прават тоа, 34,8 % понекогаш, а само 10 % од испитаниците рекоа дека често ги следат социополитичките случувања во земјата.

**Приказ 52: Колку често следиш и се интересираш за социополитичките настани и случувања во земјата?**




Во споредба со првото истражувањето од 2019 година, тренд-анализата покажува дека нема големи поместувања во граничните категории (ретко и често[35]), но постојат мали позитивни поместувања во средишните категории (понекогаш и често). Имено, бројот на млади што ретко се информираат е намален за 7,9 %, додека, пак, бројот на тие што се информираат понекогаш е зголемен за 8 %.

35 Но, кај категоријата „често“ се бележи пад од околу 5 % во споредба со истражувањата во 2020 и 2021 година.

**Приказ 53: Колку често следиш и се интересираш за социополитичките настани и случувања во земјата? (тренд-анализа, мај 2019 година и август 2023 година)**




Како што е прикажано на Приказот 54 подолу, интересот за политика се зголемува со возраста: помладите граѓани (особено оние што не гласаат, од 15 до 18-годишна возраст) покажуваат најмал интерес за социополитичките настани и случувања во земјата, додека, пак, испитаниците во старосната граница од 30 до 35-годишна возраст изразуваат најголем интерес.

**Приказ 54: Колку често следиш и се интересираш за социополитичките настани и случувања во земјата? (според возраст)**



Во однос на другите демографски варијабли, мажите малку почесто се информираат од жените (12,9 % наспроти 7,3 % за одговорот „често“). И етничките Албанци исто така (15,9 % наспроти 8,0 % кај етничките Македонци и 9,1 % кај останатите етнички групи, соодветно, за одговорот „често“). Според образованието, оние со завршен факултет почесто се информираат од оние без завршен факултет (18,8 % наспроти 6,8 % за одговорот „често“). Вработените во јавниот сектор почесто се информираат (26,1 % за одговорот „често“), наспроти вработените во приватниот сектор (9,4 %) и невработените (4,1 %). Исто така, постојано општествено активните млади далеку почесто се информираат (55,2 % за одговорот „често“), наспроти младите што изјавуваат дека воопшто не се општествено активни (3,3 % за одговорот „често“). Впрочем, граѓанската активност се издвојува како најзначаен фактор што влијае врз степенот на информираност кај младите.

**Приказ 55: Колку често следиш и се интересираш за социополитичките настани и случувања во земјата? (според пол, образование, етничка припадност и работен статус – за одговорот „често“)**

| Мажи | Жени |
|---|---|
| често 12,9 % | често 7,3 % |

| Без факултет | Со факултет |
|---|---|
| често 6,8 % | често 18,8 % |

| Македонци | Албанци | Други |
|---|---|---|
| често 8 % | често 15,9 % | често 9 % |

| Вработен во јавен сектор | Вработен во приватен сектор | Самостојно вработен |
|---|---|---|
| често 26,1% | често 9,4% | често 17% |

| Вработен но непријавен | Невработен и бара работа | Невработен и не бара работа | Во образовен процес |
|---|---|---|---|
| често 13% | често 4,1% | често 4,8% | често 3,8% |

### *Младите најчесто се информираат од социјалните мрежи, а како најкредибилен извор ги сметаат информациите што доаѓаат од разговорите со блиските*

На прашањето „Кои се главните извори на информирање што ги користиш за социополитичките настани и случувања во земјата?“, испитаниците имаа можност да изберат повеќе опции. Најчесто користен извор се социјалните мрежи (31,1 %), интернет-порталите (22 %) и телевизиите (19,4 %). Разговорите со блиските се исто така важен извор за една петтина од младите (19,1 %). Печатените весници и радиото се најмалку чест извор на информирање (0,7 %), помалку и од познатите личности и влијателните личности (инфлуенсерите) (1,8 %).

**Приказ 56: Кои се главните извори на информирање што ги користиш за социополитичките настани и случувања во земјата?**




Најчесто користен извор на информирање кај сите старосни групи се социјалните мрежи. Втор најчесто користен извор се интернет-порталите. Трет најчесто користен извор се разговорите со блиските и телевизијата (во зависност од возраста).

**Приказ 57: Најчесто користени извори на информирање (според возраст)**

| 15-18 години | 19-24 години | 25-29 години | 30-35 години |
|---|---|---|---|
| 1. Социјални мрежи (57,2 %) | 1. Социјални мрежи (64 %) | 1. Социјални мрежи (65,7 %) | 1. Социјални мрежи (70,7 %) |
| 2. Интернет-портали (31,6 %) | 2. Интернет-портали (46,6 %) | 2. Интернет-портали (47,0 %) | 2. Интернет-портали (53,2 %) |
| 3. Телевизија/ разговори со блиски (28,3 %) | 3. Разговори со блиски (38,1 %) | 3. Разговори со блиски (43,4 %) | 3. Телевизија (52,7 %) |

Според етничката припадност, социјалните мрежи се повторно најкористен извор кај сите групи, но постојат одреден разлики во вториот и третиот најчесто користен извор. Испитаниците Македонци и испитаниците од другите етнички заедници ги претпочитаат интернет-порталите и разговорите со блиски како втор и трет извор на информирање, додека, пак, испитаниците Албанци ги користат телевизијата и интернет-порталите.

**Приказ 58: Најчесто користени извори на информирање (според етничка припадност)**

| Македонци | Албанци | Други |
|---|---|---|
| 1. Социјални мрежи (66,9 %) | 1. Социјални мрежи (64,1 %) | 1. Социјални мрежи (62,8 %) |
| 2. Интернет-портали (46,6 %) | 2. Телевизија (51,4 %) | 2. Телевизија (47,1 %) |
| 3. Разговори со блиски (43,7 %) | 3. Интернет-портали (48,6 %) | 3. Разговори со блиски (43 %) |

Следното прашање ги испита изворите на кои најмногу им веруваат младите. Генерално, без оглед на изворот на информирање, младите немаат особена доверба во нивната кредибилност. На скалата од 1 до 5, младите најмалку им веруваат на политичките лидери (оцена 2,1) и на владините институции (оцена 2,2), додека, пак, најмногу им веруваат на разговорите со блиските (оцена 3,4) и донекаде на експертите (оцена 2,9). Впечатливо, верските институции (оцена 2,7) имаат повисока доверба во граѓанските организации (2,4 %).

**Приказ 59: Колку им веруваш на следниве извори на информирање за социополитичките настани и случувања во земјата? (1 = воопшто не им верувам, 5 = целосно им верувам)**




Разложените податоци како кумулатив на оцените 1 и 2 („воопшто не им верувам" и „многу малку им верувам") покажуваат дека постои општа недоверба во начинот на кој се управува земјата од страна на политичките лидери, како и незадоволството од работата на институциите. Конкретно, најниска доверба уживаат политичките лидери и владините институции. Речиси една третина од младите не веруваат на информациите што доаѓаат од овие два извора. Загрижува и тоа што точно половина од младите немаат доверба ниту во информациите што доаѓаат од граѓанските организации.

**Приказ 60: Колку им веруваш на следниве извори на информирање за социополитичките настани и случувања во земјата? (збир на одговори 1 и 2 („воопшто не им верувам" и „многу малку им верувам"), топ три извори со најниска доверба)**

| Политички лидер | Владини институции | Граѓански организации |
|---|---|---|
| 63,3 % | 58,2 % | 50 % |

Интересно е да се забележи и дека постои јасен диспаритет помеѓу изворите од кои младите најчесто се информираат и изворите на кои најмногу им веруваат. Како за илустрација, и покрај тоа што тие најчесто се информираат од социјалните мрежи и од интернет-порталите, тие повеќе им веруваат на разговорите со блиските и со експертите.

**ТОП ИЗВОРИ НА ИНФОРМИРАЊЕ:**

1. Социјални мрежи
2. Интернет-портали
3. Телевизии
4. Разговори со блиските

**ТОП ИЗВОРИ НА КОИ ИМ ВЕРУВАШ:**

1. Разговори со блиските
2. Експерти
3. Социјални мрежи
4. Верски институции
5. Интернет-портали

Последното прашање во овој дел испитуваше како младите ги оценуваат своите познавања за политиката и социополитичките настани во државата. Речиси половина од младите (42,6 %) (збир на одговори 1 и 2) немаат никакви или многу мали познавања за политиката. Само 5 % од младите имаа одлични познавања.

**Приказ 61: Како би ги оценил твоите познавања за политиката и социополитичките настани во државата?**




Информираноста на младите и нивниот општествен ангажман играат клучна улога во разбирањето на политиката и социополитичките настани во државата. Поточно, поинформираните млади и оние што се општествено активни имаат подобри познавања за политиката и социополитичките настани.

**Приказ 62: Како би ги оценил своите познавања за политиката и социополитичките настани во државата?/Колку често следиш и се интересираш за социополитичките настани и случувања во земјата?**




**Приказ 63: Како би ги оценил твоите познавања за политиката и социополитичките настани во државата?/Дали би се опишал себеси како општествено активен граѓанин?**



# ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИ И ЛИЧНО ВЛИЈАНИЕ

Следниот сет на прашања се однесуваше на довербата на младите луѓе во институциите со посебен осврт на грижата на властите за потребите и проблемите на младите луѓе и можностите за лично влијание.

## *Младите се чувствуваат изоставени во приоритетите на властите и сметаат дека властите не се запознаени со нивните проблеми*

Резултатите од истражувањето покажуваат дека 8 од 10 млади луѓе изразуваат недоверба дека властите се грижат за нив и нивните потреби, додека, пак, само мал дел од младите (13,9 %) веруваат дека властите го прават тоа. Овој податок укажува на тоа дека најголем дел од младите се чувствуваат игнорирани од страна на властите и не веруваат дека нивните потреби и проблеми се особен приоритет на институциите.

**Приказ 64: Според твоето мислење, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми?**




Во однос на возраста, незадоволството од третманот на властите е високо кај сите старосни подгрупи, а најизразено е кај младите од 19 до 24-годишна возраст.

**Приказ 65: Според твоето мислење, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми? (според возраст)**




Во однос на етничката припадност, најизразено незадоволство во однос на грижата на властите е видливо кај етничките Македонци и испитаниците од помалите етнички групи.

**Приказ 66: Според твоето мислење, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми? (според етничка припадност)**



Тренд-анализата што нуди споредба на резултатите со претходните истражувања покажува дека нема поместување во позитивна насока во однос на перцепцијата на младите за тоа колку властите се грижат за нив и нивните потреби и проблеми. Во овогодишното истражување, само 1,1 % од младите сметаат дека властите целосно се грижат за нив.

**Приказ 67: Според твоето мислење, колку властите се грижат за тебе и твоите потреби и проблеми? (тренд-анализа)**




Незапознаеноста на властите со потребите и проблемите на младите е исто така висока. Дури 7 од 10 млади луѓе сметаат дека властите делумно или воопшто не се запознаени со нивните потреби и проблеми. Само околу една четвртина млади луѓе во земјата сметаат дека властите се прилично или целосно запознаени со потребите и проблемите на младите луѓе.

**Приказ 68: Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек?**




Незапознаеноста на властите со потребите на младите варира во зависност од регионот во кој живеат младите. Дури 97,8 % од младите што живеат во Источниот плански регион се изјаснуваат дека властите се само делумно или воопшто не се запознаени со нивните потреби и проблеми.

**Приказ 69: Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек? (според региони)**



Малку подобра запознаеност со нивните потреби и проблеми од страна на властите, очекувано, покажуваат младите што членуваат во некаков вид организација и младите што се членови на политички партии.

**Приказ 70: Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек? (според членство во организација)**




**Приказ 71: Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек? (според членство во политичка партија)**




Во споредба со претходните, овогодишното истражување не бележи промени во процентот на млади граѓани што сметаат дека властите „воопшто не се запознаени" или „делумно не се запознаени", што уште

еднаш го нагласува нивното чувство дека властите не се адекватно запознаени со тоа што ги „мачи" младите.

**Приказ 72: Колку властите се запознаени со твоите потреби и проблеми како млад човек? (тренд-анализа)**




### *Младите немаат висока доверба во ниту една институција/организација…*

Со цел да се измери довербата што ја имаат младите во повеќе чинители важни за младинските политики и генералните општествени текови во земјата, од испитаниците беше побарано да оценат низа релевантни институции и организации во поглед на нивната работа во интерес на младите. Резултатите покажуваат дека довербата на младите во општествените чинители е на многу ниско ниво, на што укажуваат загрижувачко ниските оцени на сите институции и организации што беа наведени.

Изразено на скалата од 1 до 5 (каде што 1 = незадоволително, а 5 = одлично), најниско оценети од страна на младите се Собранието (средна оцена 1,8), политичките партии (средна оцена 1,9) и Владата (средна оцена 1,9), додека, пак, највисоко оценети се образовните институции

(средна оцена 2,4), младинските организации (средна оцена 2,3) и верските институции (средна оцена 2,3). Ниту една од наведените институции/организации не успеа да добие повисока оцена од 2,5 или повеќе од страна на младите, односно ниту една институција/организација не ужива ниту умерена, ниту висока доверба кај младите.

**Приказ 73: На скалата од 1 до 5, каде што 1 = незадоволително, а 5 = одлично, оцени ги следните институции и организации во однос на нивната работа во интерес на младите.**




Во споредба со трите претходни истражувања, тренд-анализата покажува континуиран пад на и така ниските оцени што ги даваат младите. Имено, во споредба со првото истражување во 2019 година, се бележи пад на средната оцена од 0,3 до 0,5 поени. Интересно е дека верските институции се единствените кај кои не се забележуваат особени промени во довербата.

**Приказ 74: На скалата од 1 до 5, каде што 1 = незадоволително, а 5 = одлично, оцени ги следните институции и организации во однос на нивната работа во интерес на младите (тренд-анализа)**



### ...ниту, пак, веруваат дека може да влијаат врз нивната работа

Ниското ниво на младинска доверба во релевантните институции и организации може да се толкува и од аспект на недостигот на можности младите да влијаат врз тоа што и како работат властите. Во таа насока, 8 од 10 млади луѓе сметаат дека воопшто не може или само делумно може да влијаат врз работата на властите.

**Приказ 75: Колку сметаш дека ти лично може да влијаеш врз тоа што и како работат властите?**




Во споредба со трите претходни истражувања, нема никакво позитивно поместување во можностите младите лично да влијаат врз работата на властите.

**Приказ 76: Колку сметаш дека ти лично може да влијаеш врз тоа што и како работат властите? (тренд-анализа)**




Вкрстената анализа, очекувано, покажува дека малку поголема моќ да влијаат врз работите имаат младите што се општествено активни. Најголема моќ чувствуваат младите што се дел од граѓански организации и политички партии, но, и од нив, околу една четвртина сметаат дека немаат никакво влијание врз работата на властите. Ова укажува на тоа што и покрај членството или активното учество во овие организации, нивните гласови можеби не се земени сериозно или не се одразуваат соодветно во работата на властите.

**Приказ 77: Колку сметаш дека ти лично може да влијаеш врз тоа што и како работат властите? (според членство во организации)**



# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

Во овој дел од истражувањето, прашањата се осврнуваат на степенот на општествена активност кај младите.

## *Ниско учество на младите во општествени активности. Сè поголем број млади се пасивни*

На прашањето „Дали би се опишале себеси како општествено активен граѓанин?", 77,7 % од младите луѓе се опишуваат како општествено неактивни, а кај 50,2 % од нив има целосно отсуство на активизам. Само 2,8 % се опишаа себеси како постојано активни и дополнителни 19,7 % како главно активни.

**Приказ 78: Дали би се опишале себеси како општествено активен граѓанин?**




Според демографските параметри, анализата покажува низа разлики помеѓу испитаниците во однос на нивната општествена (не)активност врз основа на полот, местото на живеење, возраста, етничката припадност, вработувањето и примањата. Имено, малку повисок процент на млади што воопшто не се активни се забележува кај женските испитаници (54,5 %), наспроти машките (45,8 %). Возраста, исто така, игра улога, при што најнеактивни се младите од 15 до 18-годишна возраст (65,2 %), а најмалку неактивни се младите од 30 до 35-годишна возраст (46,3 %), но процентот останува висок. Според етничката припадност, најмалку активни се младите од останатите (помалите) етнички групи,

со (57 %), додека, пак, воопшто неактивни се 50,7 % од испитаниците Македонци и 45,7 % од испитаниците Албанци. Процентот на млади што воопшто не се активни е речиси двојно поголем кај младите што работат во приватниот сектор, младите што се невработени, а бараат работа и младите во образовниот процес, наспроти младите што работат во јавниот сектор. Примањата, исто така, играат улога, при што младите што имаат потпросечни примања се речиси двапати повеќе целосно неактивни (59,5 %) од младите со натпросечни примања (30,4 %).

**Приказ 79: Дали би се опишале себеси како општествено активен граѓанин? (според пол, возраст, етничка припадност, работен статус, образование и примања – одговор „Воопшто не сум активен“)**

| Пол (одговор „Воопшто не сум активен“) | |
|---|---|
| Мажи | Жени |
| 45,8 % | 54,5 % |

| Возраст (одговор „Воопшто не сум активен“) | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 години | 19-24 години | 25-29 години | 30-35 години |
| 65,2 % | 51,8 % | 41,9 % | 46,3 % |

| Етничка припадност (одговор „Воопшто не сум активен“) | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 50,7 % | 45,7 % | 57 % |

| Работен статус (одговор „Воопшто не сум активен“) | | | |
|---|---|---|---|
| Вработен во јавен сектор | Вработен во приватен сектор | Невработен и бара работа | Во образовен процес |
| 29,8 % | 52,8 % | 59,9 % | 58,3 % |

| Образование (одговор „Воопшто не сум активен“) | |
|---|---|
| Без завршен факултет | Со завршен факултет |
| 56,4 % | 33 % |

| Финансиски статус (одговор „Воопшто не сум активен“) | | |
|---|---|---|
| Потпросечни примања | Просечни примања | Натпросечни примања |
| 58,5 % | 49,8 % | 30,4 % |

Впечатливо е тоа што степенот на активизам на младите е под влијание на тоа како младите гледаат на насоката во која се движи државата, односно младите што сметаат дека државата не се движи во правилна насока се далеку попасивни од младите што сметаат дека државата се движи во правилна насока.

**Приказ 80: Дали би се опишале себеси како општествено активен граѓанин?/Општо земено, дали работите во земјата се движат во правилна или во погрешна насока?**




Во споредба со претходните истражувања, се зголемува бројот на млади што се целосно пасивни.

**Приказ 81: Дали би се опишале себеси како општествено активен граѓанин? (тренд-анализа)**




За да ги разбереме причините што ги обесхрабруваат или ги мотивираат младите да бидат општествено активни, поставени беа две дополнителни прашања. Во однос на првото прашање, кое ги истражува причините што ги обесхрабруваат неактивните млади да станат активни, како главна причина се издвојува недовербата дека преку активизам може да се промени нешто, што го наведуваат речиси половината од младите што се неактивни (45,6 %), а загрижувачки е и фактот што речиси една третина од младите воопшто не се активни поради тоа што кај нив не постои заинтересираност да бидат активни (29,5 %). Во однос на второто прашање, кое истражува што ги мотивира младите да бидат општествено активни, резултатите покажуваат дека најчесто активноста е поврзана со можностите за подобрување на иднината (42,1 %) и желбата да се слушне гласот на младите (29,2 %).

**Приказ 82: Која е главната причина што ве обесхрабрува или ве мотивира да бидете општествено активен граѓанин?**







## *Ретки се младите што покажуваат иницијативност, а уште поретки се младите што успеваат да решат некаков општествен проблем*

Во однос на тоа колку често младите преземаат нешто за решавање одреден општествен проблем, резултатите покажуваат дека повеќе од половината од младите (51,7 %) никогаш не презеле нешто за решавање одреден општествен проблем. Од тие што презеле (45,6 %), само мал дел се постојано (2,1 %) или често (13 %) активни, а повеќето се ретко активни (30,5 %).

Кај младите што преземаат нешто за решавање одреден општествен проблем, на многу мал дел им успева да ги решат проблемите (близу една третина), додека, пак, останатите млади ретко (52,4 %) или никогаш (17,5 %) не успеваат во своите обиди.

**Приказ 83: Колку често преземаш нешто за решавање одреден општествен проблем?/Колку често ти успевало да го решиш проблемот?**







Во споредба со претходните истражувања, се забележува повторен нагорен тренд на бројот на млади што никогаш не се обиделе да решат одреден општествен проблем (зголемување од 8,5 %, во споредба со истражувањето од 2021 година). Кај активните млади, пак, нема значител-

ни поместување во однос на успешноста за решавање на општествените проблеми.

**Приказ 84: Колку често преземаш нешто за решавање одреден општествен проблем?/Колку често ти успевало да го решиш проблемот? (тренд-анализа)**

Колку често преземаш нешто за решавање одреден општествен проблем?




Колку често ти успевало да го решиш проблемот?



Анализата на искуството на младите луѓе, поврзано со вклучување или консултирање од страна на институциите при носење одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори, покажува дека три четвртини од младите луѓе досега не биле вклучени или консултирани од институциите при носење одлуки. Вкупно 24 % од испитаниците истакнуваат дека биле консултирани на некаков начин, од кои 3 % и на локално и на централно ниво, 3,4 % само на централно ниво и 17,6 % биле вклучени или консултирани само на локално ниво.

**Приказ 85: Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори?**




Во однос на претходните истражување (со исклучок на првото истражување), не се забележуваат значителни промени во обемот или формите на вклученост на младите.

**Приказ 86: Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори? (тренд-анализа)**




Според демографските параметри, анализата покажува дека кај младите што воопшто не се вклучени на ниту едно ниво постојат разлики според полот, возраста, етничката припадност, местото на живеење и финансискиот статус. Имено, помала вклученост се забележува кај жените, кај младите од 15 до 18-годишна возраст, кај младите Македонци и младите од помалите етнички заедници, младите од градски средини и младите со потпросечни примања.

**Приказ 87: Дали досега сте биле вклучени или консултирани од институциите при носење одлуки, исклучувајќи го гласањето на избори? (според пол, возраст, етничка припадност, место на живеење и финансиски статус – одговор „Не сум бил/-а вклучен/-а“)**

| Пол (одговор „Не сум бил/-а вклучен/-а“) | |
|---|---|
| Мажи | Жени |
| 68,5 % | 78,6 % |

| Возраст (одговор „Не сум бил/-а вклучен/-а“) | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 | 19-24 | 25-29 | 30-35 |
| 83,4 % | 78,9 % | 69,2 % | 67,9 % |

| Етничка припадност[36] (одговор „Не сум бил/-а вклучен/-а“) | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 77,8 % | 60,8 % | 76,9 % |

| Место на живеење[37] (одговор „Не сум бил/-а вклучен/-а“) | |
|---|---|
| Село | Град |
| 68,2% | 77,1% |

| Финансиски статус (одговор „Не сум бил/-а вклучен/-а“) | | |
|---|---|---|
| Потпросечни примања | Просечни примања | Натпросечни примања |
| 84,7 % | 73 % | 48,2 % |

## *Мал дел од младите учествуваат во некаква форма на организирање. Членувањето во политички партии е попопуларно од членувањето во граѓански организации*

Дури 3 од 4 млади луѓе не припаѓаат на ниту една организација или друга форма на организирање. Од оние млади што се активни во некаква форма на организирање (25,6 % од младите), тоа најчесто го прават во рамките на политичките партии/политичките подмладоци (9,9 %), а речиси двојно помалку во граѓански или младински организации (5 %) и неформални граѓански иницијативи (4,0 %).

36 Младите Албанци се малку повеќе консултирани на локално ниво (22,4 %), во споредба со младите Македонци (16,8 %) и младите од останатите етнички групи (11,6 %).

37 Младите што живеат во село се малку повеќе консултирани на локално ниво (21,2 %), во споредба со младите од градски средини (15,3 %).

## Приказ 88: Учество во организации




Во споредба со претходните истражувања, се бележи пад на младите што учествуваат во организации.

## Приказ 89: Учество во организации (тренд-анализа)



Во рамките на оние 25,6 % од младите што учествуваат во некаква форма на организирање, поголем процент се мажи, во најголем процент млади од 30 до 35-годишна возраст, најчесто етнички Македонци, и во поголем број млади што живеат во градски средини.

**Приказ 90: Учество во организации (испитаници што се изјаснија дека се дел од некаква форма на организирање) (според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење)**

| Пол | |
|---|---|
| Мажи | Жени |
| 54,5 % | 45,5 % |

| Возраст | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 | 19-24 | 25-29 | 30-35 |
| 7,6 % | 19,6 % | 25 % | 47,8 % |

| Етничка припадност | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 55,4 % | 34,4 % | 10,3 % |

| Место на живеење | |
|---|---|
| Село | Град |
| 43,3 % | 56,7 % |

Направивме и подетална анализа на карактеристиките на младите што се дел од граѓански организации и младите што се дел од политички партии.

Забележително е дека жените се почесто членови на граѓански организации, додека, пак, мажите се почесто членови на политички партии. Во однос на возраста, и кај граѓанските организации и кај политичките партии, околу половина од младите што членуваат во нив се од 30 до

35-годишна возраст. Етничките Македонци речиси двојно повеќе учествуваат во граѓански организации, во споредба со етничките Албанци, а речиси тројно повеќе во политички партии, во споредба со етничките Албанци. Анализата покажува и дека младите од градски средини се двојно повеќе дел од граѓански организации, за разлика од младите што живеат во рурални средини. Според местото на живеење, оваа разлика е далеку помала за младите што членуваат во политички партии.

**Приказ 91: Учество во организации (испитаници што се изјаснија дека се дел од граѓански или младински организации) (според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење)**

| Пол | |
|---|---|
| Мажи | Жени |
| 46,3 % | 53,7 % |

| Возраст | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 | 19-24 | 25-29 | 30-35 |
| 7,4 % | 20,4 % | 22,2 % | 50 % |

| Етничка припадност | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 64,8 % | 18,8 % | 16,7 % |

| Место на живеење | |
|---|---|
| Село | Град |
| 31,5 % | 68,5 % |

**Приказ 92: Учество во организации (испитаници што се изјаснија дека се дел од политички партии) (според пол, возраст, етничка припадност и место на живеење)**

| Пол | |
|---|---|
| Мажи | Жени |
| 63,6 % | 36,4 % |

| Возраст | | | |
|---|---|---|---|
| 15-18 | 19-24 | 25-29 | 30-35 |
| 0,9 % | 18,7 % | 22,4 % | 57,9 % |

| Етничка припадност | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 52,3 % | 34,6 % | 13,1 % |

| Место на живеење | |
|---|---|
| Село | Град |
| 45,8 % | 54,2 % |

# ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИ И МОТИВАЦИЈА ЗА ГЛАСАЊЕ

Во однос на гласачките навики, од сите испитаници што имаат право на глас, повеќе од половината од младите редовно гласаат на избори (59 %), дополнителни 31 % гласаат понекогаш, додека, пак, само 7 % никогаш не гласаат.

**Приказ 93: Колку често гласаш на избори?**




Во споредба со трите претходни истражувања, се намалува бројот на млади што се изјаснуваат дека секогаш гласаат.

**Приказ 94: Колку често гласаш на избори? (тренд-анализа)**



Поврзано со гласачките навики на младите, најчесто гласаат вработените во јавниот сектор. Поконкретно, 78,3 % од вработените во јавниот сектор секогаш гласаат, наспроти 56,6 % од вработените во приватниот сектор и невработените (37 %).

**Приказ 95: Колку често гласаш на избори? (според работен статус – одговори на прашањето „Секогаш гласам“)**

| Работен статус | | |
|---|---|---|
| Вработени во јавниот сектор | Вработени во приватниот сектор | Невработени |
| 78,3 % | 56,6 % | 37 % |

Во однос на финансискиот статус, најмалку гласаат младите со потпросечни примања.

**Приказ 96: Колку често гласаш на избори? (според финансиски статус – одговори на прашањето „Секогаш гласам“)**

| Финансиски статус | | |
|---|---|---|
| Потпросечни примања | Просечни примања | Натпросечни примања |
| 45,8 % | 60,6 % | 71,4 % |

Во однос на етничката припадност нема особени разлики во однос на навиките за гласање.

**Приказ 97: Колку често гласаш на избори? (според етничка припадност – одговори на прашањето „Секогаш гласам“)**

| Етничка припадност | | |
|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други |
| 61,3 % | 54,4 % | 41,3 % |

Впечатливо е дека на избори најчесто излегуваат оние млади што се задоволни со состојбите, односно оние што сметаат дека државата се движи во правилна насока. Тоа може да биде поради нивното убедување дека нивниот глас има влијание и дека нивното излегување на из-

бори може да има позитивен ефект врз состојбите. Истовремено, незадоволните се чини дека го бојкотираат гласањето, односно не гледаат можност дека преку гласањето ќе ја сменат насоката во која се движи државата.

**Приказ 98: Колку често гласаш на избори? (според насоката во која се движи државата)**

| | Во правилна | Во погрешна | Ниту правилна, ниту погрешна |
|---|---|---|---|
| **Секогаш гласам** | 79,9 % | 51 % | 59,5 % |
| **Понекогаш гласам** | 15,8 % | 37,9 % | 30,2 % |
| **Не гласам** | 2,2 % | 9,4 % | 5,8 % |

Дополнително, интересно е да се забележи како одреден парадокс дека повеќе од половината (54,2 %) од оние испитаници што донекаде или целосно се согласуваат со изјавата дека „Сите партии се исти“, сепак истакнуваат дека секогаш гласаат. Кај овие млади може да постои чувство на доживување на изборите како одговорност, повеќе отколку можност за задржување или менување на насоката во која се движи државата.

# ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ЕЛЕМЕНТ НА ПОЛИТИЧКА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА: СОГЛАСНОСТ СО СОДРЖИНИ ОД УЧЕБНИЦИ

Формалното образование се смета за многу влијателен фактор врз политичката социјализација кај младите. Што учат младите за општеството и политиката, како им се претставени тие и до кој степен се поттикнуваат да размислуваат критички и отворено за нив може да има силни импликации врз нивното политичко разбирање и дејствување во иднина. Всушност, искуствата на младите во образовниот процес директно и индиректно влијаат врз нивните ставови за политичкиот систем и развивање критичка свест кон политиката, државата и слободите.

Во случајот на Северна Македонија, во последните неколку години се забележува напор за воведување и подобрување на граѓанското образование во основните и средните училишта преку учење на предметот граѓанско образование и воведување современи наставни програми за тој предмет. Ваквите чекори доаѓаат по многубројните критики во минатото, кои посочуваа дека во дел од учебниците за граѓанско образование беа присутни содржини што промовираа некритички однос кон авторитетите и институциите. На пример, во сега повлечениот учебник за VIII одделение, под дефиницијата за „лојални граѓани" беше наведено дека тие се „секогаш подготвени да ги следат правилата и прописите на општеството и по цена да мораат да се откажат од своите слободи", што укажува на послушност и по цена на загрозување на основните граѓански и политички права на граѓанинот во едно демократско општество и придонесува за промоција на поданичка политичка култура и го засилува пасивизирањето на граѓаните. Слично, во истиот учебник, бакнувањето рака на повозрасните беше објаснето како изразување почит кон авторитет. Постојат и неколку други слични примери со кои во составот на учебниците се поттикнуваа застарени сфаќања за општествените норми.[38]

38 На пример, https://www.slobodnaevropa.mk/a/26650031.html https://sdk.mk/index.php/makedonija/siromashnite-se-nesposobni-zhenite-ragaat-perat-i-shiat-a-mazhite-koi-pomagaat-doma-se-papuchari-i-slabichi-stoi-vo-diskriminirachkiot-uchebnik-po-sotsiologija-za-treta-godina/

Поттикнати од проблематичноста на ваквите изјави во учебниците, во рамките на ова истражување се одлучивме да го тестираме степенот на согласност кај младите со дел од нив. Избравме вкупно пет вакви изјави извадени од изданија на учебници за основното и средното образование, од кои денес повеќето се надвор од употреба. Треба да се напомене дека со вклучувањето на изјавите не мериме директно дали младите стекнале одредени ставови врз база на овие содржини, туку ја истражуваме согласноста со изјави што биле дел од образовните содржини.

**Приказ 99: Колку се согласувате или не се согласувате со следниве изјави.**




Во однос на изјавата дека „Хомосексуалноста е девијантно однесување“[39], која укажува на хетеронормативност, каде што ЛГБТ лицата се претставуваат негативно, повеќе од половината од младите, или 54,7 %, се согласуваат со оваа изјава. Дополнително загрижувачки аспект е тоа што ваквите ставови се речиси еднакво присутни и кај најмладите испитаници, што покажува дека овие стереотипи и предрасуди се продолжени и прилично константни во различни генерации. Вообичаено, според истражувањата спроведени во други земји[40], пом-

39 Изјавата е дел од стариот учебник за граѓанско образование во средното образование, кој е вон употреба.

40 Van den Akker, H., Van der Ploeg, R., & Scheepers, P. (2013). Disapproval of homosexuality: Comparative research on individual and national determinants of disapproval of homosexuality in 20 European countries. International Journal of Public Opinion Research, 25(1), 64–86. Цитат преземен од публикацијата

ладите испитаници имаат попозитивни ставови за хомосексуалноста, со објаснување дека се социјализирани во време и во контекст што е поволен за прифаќање на хомосексуалноста, но тоа не е случај со нашето истражување.

**Приказ 100: Хомосексуалноста е девијантно однесување (според возраст)**




Според етничката припадност, позачестени стереотипи околу хомосексуалноста се малку поприсутни кај младите Албанци, иако процентот останува прилично висок и кај младите од останатите етнички групи.

**Приказ 101: Хомосексуалноста е девијантно однесување (според етничка припадност)**




на Коалицијата Маргини (2023). Отворено скриени опресии: ставови, вредности и практики на граѓанките и граѓаните за политичкото учество и за хомосексуалноста.

## *Речиси половина од младите се согласуваат со надмоќта на државата и по цена на нивните слободи*

Во однос на изјавата „Лојалните граѓани секогаш се подготвени да ги следат правилата и прописите во општеството и по цена да мораат да се откажат од своите слободи“[41], речиси половината од младите (47,9 %) се согласуваат со ваквата изјава. Таквиот став може да се интерпретира како прифаќање на авторитетот и надмоќта на државата, дури и ако тоа значи ограничување на нивните индивидуални слободи.

Во однос на изјавата „Државата може да ја искористи својата моќ за да ги заштити интересите на само една група“, за 45,7 % од младите е генерално прифатливо државата да интервенира во оваа насока.

## *Преовладува и традиционализам кај младите. Бакнувањето рака на повозрасните или одржувањето традиционални улоги на жената се донекаде прифатливи*

Што се однесува до изјавата „Бакнувањето рака на повозрасните е изразување почит кон авторитет“[42], резултатите покажуваат дека за значителен дел од младите (44,8 %) овој обичај е прифатлив начин на покажување почит, додека, пак, останатите го гледаат како застарен.

Речиси еден од четворица млади луѓе (24,2 %) се согласуваат со изјавата „Ако жената е затворена во домот и нема никакви јавни улоги, таа нема можност да прави кривични дела“, која ја омаловажува и ја дискриминира општествената улога на жената. Најзастапена согласност со ваквата изјава постои кај испитаниците Албанци (37,5 %), па потоа кај испитаниците Македонци (20,4 %) и останатите етнички групи (18,1 %).

41 Повлечен учебник по граѓанско образование наменет за осмоодделенци.

42 Повлечен учебник по граѓанско образование наменет за осмоодделенци.

**Приказ 102: Ако жената е затворена во домот и нема никакви јавни улоги, таа нема можност да прави кривични дела (според етничка припадност)**



# ТОЛЕРАНЦИЈА И ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ДРУГИ ГРУПИ

Овој дел од анкетата вклучи прашања што испитуваа колку младите луѓе се отворени кон разновидност и различност, односно колку се склони да имаат предубедувања или предрасуди кон луѓе што се различни од нив.

## *Склоноста кон предрасуди расте меѓу младите*

Преку првото прашање од овој дел, испитаниците имаа можност да се изјаснат дали би им пречело доколку соседот е од друга националност, сексуална припадност, лице од друг град, лице со попреченост, лице од друга политичка опција или бегалец од друга држава.

За ЛГБТ лицата, младите имаат најизразен став дека би им пречело да ги имаат како соседи (43 %). Бегалците се следната група кон која младите покажуваат непожелност да ги имаат како соседи – секој трет млад човек би имал проблем со сосед бегалец (35,6 %). Во однос на сите испитани карактеристики, се забележува одреден број млади луѓе што одбиваат да одговорат и да ги споделат своите ставови во однос на припадниците на останати групи, а тој процент е најистакнат за бегалците од друга држава.

Во однос на припадниците на етничките заедници што живеат во нашата земја, најистакнати се предрасудите кон припадниците на ромската (24,9 %) и албанската (24,1 %) етничка заедница, кон кои младите луѓе изразуваат непожелност да ги имаат како соседи. Малку помала непожелност има кон тоа да имаат сосед/-тка Турчин/-ка (18,6 %) или Србин/-ка (10,2 %), а најмалку кон сосед Македонец/-ка (6 %).

Само околу 7 % од младите имаат проблем со тоа како сосед да имаат лице со попреченост, лице од друг град, лице од друга политичка опција.

## Приказ 103: Дали би ви пречело доколку вашиот сосед е...




Она што е загрижувачко е тоа што во споредба со претходното истражување од 2021 година, процентите на млади што имаат проблем со сите наведени групи е во сериозен пораст. Најголем пораст се гледа кај нетрпеливоста кон ЛГБТ лицата (пораст од 20 %), но, исто така, голем пораст се бележи и кај нетрпеливоста кон речиси сите етнички групи.

## Приказ 104: Дали би ви пречело доколку вашиот сосед е... (тренд-анализа – одговор „Би ми пречело“)[43]

| | 2021 („Би ми пречело“) | 2023 („Би ми пречело“) | Разлика во % помеѓу двете истражувања |
|---|---|---|---|
| **Македонец/-ка** | 0,5 % | 6 % | +5,5 % |
| **Албанец/-ка** | 14 % | 24 % | +10 % |
| **Ром/-ка** | 14 % | 25 % | +11 % |
| **Турчин/-ка** | 8 % | 19 % | +11 % |
| **Србин/-ка** | 7 % | 10 % | +3 % |
| **Бегалец/-ка од друга држава** | 27 % | 36 % | +9 % |
| **ЛГБТ лице** | 23 % | 43 % | +20 % |
| **Друга политичка партија од мојата** | 5 % | 7 % | +2 % |

43 Два одговори во однос на лицата за пореченост и лицата од друг град беа дополнети во истражувањето во 2023 година и не беа дел од претходното истражување. Поради тоа се изоставени од тренд-анализата.

Разложено според етничката припадност на испитаниците, резултатите покажуваат дека на не толку мал број млади би им пречело да имаат сосед од етничка заедница што не е иста со нивната. На пример, дури на една третина (33 %) од младите етнички Македонци би им спречело доколку имаат сосед Албанец, на 27 % да имаат сосед Ром, на 19,2 % сосед Турчин, а само на 3,2 % би им пречело да имаат сосед Србин.

Кај етничките Албанци, најмногу би им пречело да имаат сосед Србин, а најмалку сосед Македонец. Поточно, 32,2 % од Албанците не би сакале да имаат сосед Србин (32,2 %), 22,9 % не би сакале да имаат сосед Турчин, 27,8 % не би сакале да имаат сосед Ром, а 19,6 % не би сакале да имаат сосед Македонец.

**Приказ 105: Процент на испитаници на кои би им пречело да имаат сосед од друга етничка заедница (според етничка припадност )**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кај испитаниците Македонци | 1. Пречи да биде Албанец (33 %) | 2. Пречи да биде Ром (27 %) | 3. Пречи да биде Турчин (19,2 %) | 4. Пречи да биде Србин (3,2 %) |
| Кај испитаниците Албанци | 1. Пречи да биде Србин (32,2 %) | 2. Пречи да биде Ром (27,8 %) | 3. Пречи да биде Турчин (22,9 %) | 4. Пречи да биде Македонец (19,6 %) |
| Кај испитаниците Турци | 1. Пречи да биде Ром (10%) | 2. Пречи да биде Македонец (10 %) | 3. Пречи да биде Србин (7,5 %) | Пречи да биде Албанец (5 %) |
| Кај испитаниците Роми | 1. Пречи да биде Албанец (14,3 %) | Останатите етнички групи (0 %) | Останатите етнички групи (0 %) | Останатите етнички групи (0 %) |
| Кај испитаниците Срби | 1. Пречи да биде Албанец (33,3 %) | 2. Пречи да биде Ром (14,3 %) | 3. Пречи да биде Турчин (9,5 %) | 4. Пречи да биде Македонец (0 %) |

## *Секој четврти млад човек во државата смета дека е припадник на етничка група што е подобра од другите*

Перцепцијата за етничката група на која припаѓаат, во однос на останатите, покажува дека во најголем обем младите луѓе сметаат дека нивната е ниту подобра, ниту полоша од другите (59,9 %). Кога младите зборуваат за својата етничка група, околу еден од четворица млади луѓе (38,7 %) истакнуваат дека е подобра од другите, а единствено 1,4 % сметаат дека е полоша од другите.

**Приказ 106: Перцепции за етничките групи**




Разложено според демографските карактеристики, резултатите покажуваат дека впечатокот за супериорноста на сопствената етничка група наспрема останатите е поголема кај мажите, помладите (од 15 до 18-годишна возраст), етничките Албанци и младите што живеат во село.

**Приказ 107: Перцепции за етничките групи (според пол, возраст и етничка припадност – одговор „Мојата етничка група/припадност е подобра од другите“)**

| Пол | | Возраст | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мажи | Жени | 15-18 | 19-24 | 25-29 | 30-35 |
| 41,8 % | 35,8 % | 41,2 % | 39,7 % | 39,4 % | 36,6 % |

| Етничка припадност | | | Место на живеење | |
|---|---|---|---|---|
| Македонци | Албанци | Други | Село | Град |
| 33,8 % | 60,4 % | 21,5 % | 46 % | 34,2 % |

Ваквите податоци укажуваат на тоа дека дел од младите имаат проблем да го видат или да го сфатат општеството како заедница каде што сите групи се еднакво важни.

## *Една четвртина од младите Македонци и Албанци немаат пријател од различна етничка група*

За крај на овој дел, младите беа запрашани „Колку блиски пријатели имаш што припаѓаат на етничка група различна од твојата?“ со цел да се добие увид во степенот на разновидност на социјалните кругови на младите, при што поголемиот број пријатели од различни етнички групи може да укажува на поширока социјална мрежа и на отвореност кон различноста, додека, пак, помалиот број може да открие насоченост кон слични етнички групи во социјалните контакти.

Генерално, податоците покажуваат дека повеќето млади имаат пријатели од различни етникуми, но истовремено има знаци на социјална сегрегација и етничка оддалеченост, поаѓајќи од тоа дека секој четврти млад човек нема пријател од друга етничка заедница.

**Приказ 108: Колку блиски пријатели имаш што припаѓаат на етничка група различна од твојата?**




Според етничката припадност на испитаниците, речиси еднаков број од етничките Македонци (26 %) и етничките Албанци (24 %) немаат ниту еден пријател што припаѓа на етничка заедница различна од нивната, додека, пак, истото тоа, во помал процент, важи за останатите етнички групи (9 %).

Она на што укажуваат резултатите е дека младите што немаат ниту еден пријател од етникум различен од нивниот се посклони од останатите да имаа проблем со сосед што не е од нивната етничка група. Овој феномен е најнагласен кај испитаниците етнички Македонци. Имено,

меѓу етничките Македонци што немаат ниту еден пријател од друг етникум, на речиси половина од нив би им пречело доколку нивниот сосед е Албанец (44,7 %) или, пак, Ром (46,6 %). Кај етничките Албанци и испитаниците од останатите етнички групи, ваквиот процент е далеку помал.

Дополнително, впечатливо е тоа што мислењето за супериорноста на сопствениот етникум се намалува како што расте бројот на пријатели што припаѓаат на етничка група различна од својата. Со други зборови, колку повеќе имаат пријатели од различни етнички групи, толку помалку имаат искази за супериорноста на сопствената етничка група во однос на останатите.

**Приказ 109: Мислења за својата етничка припадност наспроти другите./Колку блиски пријатели имаш што припаѓаат на етничка група различна од твојата?**



# СТЕПЕН НА СОГЛАСНОСТ СО ИЗЈАВИ ПОВРЗАНИ СО СОЦИОПОЛИТИЧКИОТ ЖИВОТ, ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКАТА АКТИВНОСТ, ПОЛИТИЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ И КРИТИЧКАТА МИСЛА

Овој последен сегмент од теренската анкета ги соочи младите со низа изјави побрзани со социополитичкиот живот, за кои од нив беше побарано да кажат дали се согласуваат или не се согласуваат со нив. Дел од изјавите се повторуваат со оние опфатени во претходните три истражувања, а дел се нови.

## *Благ пад кај предрасудите на младите во споредба со пред пет години, но, генерално, сè уште за голем број млади прифатлив е лидер со цврста рака, исклучување на ЛГБТ луѓето и жените од политиката*

Во рамките на сите четири досегашни истражувања (2019, 2020, 2021 и 2023 година), младите беа соочени со сет на шест различни изјави.

Од понудените изјави, најголема поддршка кај младите постои за лидер со цврста рака. Високи 81,3 % од испитаниците се согласуваат со изјавата дека на нашата земја ѝ треба ваков лидер (57.5% се во целосна согласност, а 23,8 % се донекаде согласни), додека, пак, само 15,8 % од младите не се согласуваат дека е потребен лидер со цврста рака (9,3 % донекаде не се согласуваат и 6,5 % воопшто не се согласуваат).

За изјавата „Сите партии се исти", речиси две третини од младите (59,4 %) изразија согласност, што може да одразува разочарување или недоверба во разликите помеѓу партиите. Наспроти нив, повеќе од една третина од младите не го делат овој став (37,9 %). Впечатливо е дека 50 % од младите што не излегуваат на избори сметаат дека сите партии се исти. Истовремено, и кај младите што се изјаснуваат дека секогаш гласаат, близу една третина (30,5 %), постои ставот дека сите партии се исти.

Ставот дека на ЛГБТ луѓето не им е местото во политиката е заеднички за 53,9 % од младите. Ова е значаен и разочарувачки став, бидејќи покажува дека за над половина од младите, ЛГБТ луѓето треба да бидат надвор од политичките процеси. Наспроти тоа, 40,1 % од младите луѓе не го делат овој став. Она што дополнително загрижува е тоа што дури и младите што се општествено активни генерално покажуваат слични ставови во однос на ова прашање со младите што не се општествено активни. Ова покажува дека ставовите во врска со ЛГБТ правата не се драматично поврзани со нивото на општествена активност, а покажува и дека овој вид предрасуди и негативни ставови кон ЛГБТ луѓето се шират и се присутни во различни социјални и општествени кругови.

**Приказ 110: На ЛГБТ луѓето не им е местото во политиката (според членство во организации)**




Предрасудата дека мажите се подобри политичари од жените ја делат близу една третина од младите (29,1 %), иако поголемиот дел од младите не се согласуваат со оваа изјава (68,3 %). Што се однесува до разликата во мислењето меѓу мажите и жените, загрижувачки, дури 40,3 % од машките испитаници се согласуваат со изјавата дека мажите се подобри политичари од жените, што јасно укажува на тоа дека квалитетите на еден лидер тие ги гледаат низ призмата на нивниот пол, наместо нивните способности, вештини и карактеристики како лидер. Но, и испитаничките, не толку мал процент (18,3 %), се согласуваат дека ма-

жите се подобри политичари од жените. Мислењето меѓу жените дека тие се полоши политичари од мажите може да биде резултат на неколку различни фактори, меѓу кои и културните убедувања и очекувања за улогата на жената во општеството, влијанието на медиумите, недостигот на позитивни примери на женско учество во политиката и ред други.

**Приказ 111: Мажите се подобри политичари од жените (според пол)**




Висок степен на несогласување испитаниците изразуваат со изјавата дека на младите им е попаметно своето мислење за политичките случувања да го задржат за себе наместо да го искажат јавно. Имено, 7 од 10 млади луѓе (72,4 %) не се согласуваат со оваа изјава, додека, пак, околу 25 % од младите, или секој четврти млад човек, мислењето за политичките случувања сепак би го задржал за себе.

Околу еден од петмина млади луѓе (20,1 %) изразуваат согласност дека политиката е работа на политичарите во која не треба да се мешаат младите. Останатиот дел, околу 78 %, не се согласуваат, и токму кај оваа изјава се забележува највисок процент на несогласување.

Ако направиме споредба со резултатите од првото спроведено истражување пред пет години, во 2019 година, може да увидиме дека кај сите шест изјави постојат одредени позитивни поместувања. На пример, иако поместувањата не се големи, сепак помал број од испитаните млади во 2023 година сметаат дека на ЛГБТ луѓето не им е местото во политиката или дека мажите се подобри политичари од жените, во споредба со 2019 година.

## Приказ 112: Согласност со изјави (тренд-анализа)

**Агрегирани одговори – Донекаде и целосно се согласувам со изјавата.**




Покрај овие шест изјави, кои се повторуваат низ сите досегашни истражувања, листата беше дополнета со уште три нови изјави поврзани со мислењето на младите околу демократијата, вклученоста во политиката и начинот на изразување политичко влијание.

Во однос на политичкото уредување, 73,8 % од младите се согласни со изјавата дека без оглед на сè, демократијата е најдобриот политички систем. Ова покажува широко прифаќање на демократијата како претпочитана форма на владеење. Сепак, еден значителен дел од младите (околу 1 од 5 млади) сметаат дека можеби постојат алтернативни форми на уредување што се подобри од демократијата.

Што се однесува до вклученоста на младите во политиката, постои разлика во ставовите. Околу половина од испитаниците (47,3 %) сметаат дека младите не треба да бидат вклучени во политиката – можеби затоа што не сметаат дека сите имаат интерес или квалитети да бидат дел од политичките одлуки – додека, пак, малку повеќе од половината (50,9 %) не се согласуваат со ваквата изјава.

Во однос на можноста политички да се влијае само преку излегување на избори, две третини од младите (73,2 %) не се согласуваат дека излегувањето на избори е доволно за да се влијае врз политиката. Ова покажува свест за потребата од активно учество во политичките процеси, не само преку гласање на избори, туку и преку други активности и механизми за влијание. Но, и покрај ваквата свест, како што претходно покажуваат податоците од ова истражување, помалку од една четвртина од младите покажуваат општествена активност.



# ПЕРЦЕПЦИИИ И СТАВОВИ НА МЛАДИТЕ СО СЕНЗОРНА И/ИЛИ МОТОРНА ПОПРЕЧЕНОСТ ЗА СИТУАЦИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА

Следниот приказ ги содржи одговорите на испитаниците, млади луѓе со сензорна и/или моторна попреченост што беа дел од дополнителниот примерок („booster“) и оние што беа дел од национално репрезентативниот примерок (вкупно 32 испитаници).

Во сетот што следува се прикажани одговорите на испитаниците со сензорна и/или моторна попреченост на темата за општествените текови во земјата, нивната позиција во општеството и зачленувањето во ЕУ.

| 13% | 46% | 30% | 43% | 27% |
|---|---|---|---|---|
| СМЕТААТ ДЕКА РАБОТИТЕ ВО ЗЕМЈАТА СЕ ДВИЖАТ ВО ПРАВИЛНА НАСОКА | ВЕРУВААТ ДЕКА НАШАТА ДРЖАВА ИМА ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПОЗИТИВНИ ПРОМЕНИ ВО ИДНИНА | СЕ ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРИЛОЧНО ЗАДОВОЛНИ СО СВОЕТО МЕСТО ВО ОПШТЕСТВОТО | СМЕТААТ ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА НИКОГАШ НЕМА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА ЕУ | СМЕТААТ ДЕКА НАШАТА ЗЕМЈА Е ПОДАЛЕКУ ОД ЕУ ВО СПОРЕДБА ПРЕД ЕДНА ГОДИНА |
| *4 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *8 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *2 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *Идентичен процент како и општата популација | *7 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација |

Во сетот што следува се прикажани одговорите на испитаниците со сензорна и/или моторна попреченост на темата за информираност, миграции, доверба во институциите и граѓанско учество.

| 49% | 38% | 22% | 86% | 11% |
|---|---|---|---|---|
| РЕТКО ИЛИ НИКОГАШ НЕ ГИ СЛЕДАТ И НЕ СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ НАСТАНИ И СЛУЧУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА | БИ СЕ ИСЕЛИЛЕ ОД ДРЖАВАТА ВО СЛУЧАЈ НА МОЖНОСТ | СМЕТААТ ДЕКА ВЛАСТИТЕ ЦЕЛОСНО ИЛИ ПРИЛИЧНО СЕ ГРИЖАТ ЗА НИВ И НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ | ДОСЕГА НЕ БИЛЕ ВКЛУЧЕНИ ИЛИ КОНСУЛТИРАНИ ОД ИНСТИТУЦИИТЕ ПРИ НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ | СЕ ОПИШУВААТ СЕБЕ СИ КАКО ПОСТОЈАНО ИЛИ ГЛАВНО АКТИВНИ |
| *5 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *24 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација | *8 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *12 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *9 процентни поени **помалку** во споредба со општата популација |

Во последниот сет се прикажани одговорите на испитаниците со сензорна и/или моторна попреченост на темата за гласање на избори, политички ставови и стравови.

| 65% | 87% | 73% | 32% |
|---|---|---|---|
| СЕКОГАШ ГЛАСААТ | СЕ СОГЛАСУВААТ ДЕКА НА НАШАТА ЗЕМЈА И ТРЕБА ЛИДЕР СО ЦВРСТА РАКА | НАЈМНОГУ СЕ ПЛАШАТ ОД ЕКОНОМСКА КРИЗА, РЕЦЕСИЈА И ИНФЛАЦИЈА | СМЕТААТ ДЕКА НА МЛАДИТЕ ИМ Е ПОПАМЕТНО СВОЕТО МИСЛЕЊЕ ЗА ПОЛИТИКА ДА ГО ЗАДРЖАТ ЗА СЕБЕ |
| *19 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *6 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *19 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација | *7 процентни поени **повеќе** во споредба со општата популација |

Генерално земено, во споредба со останатите млади луѓе, кај овие испитаници се забележува малку поголем песимизам во однос на насоката на државата, но истовремено и малку поголем оптимизам за можноста од позитивни промени во иднина. Дополнително, овие млади луѓе во поголем процент сметаат дека властите се грижат за нив и нивните потреби, но се значително помалку консултирани од страна на институциите при носењето одлуки. Општествено активните млади во оваа група се речиси двојно помалобројни во споредба со општата популација млади. Се забележува помала подготвеност за иселување, но поголема за гласање.



# СУМАРНИ НАОДИ ОД ФОКУС-ГРУПИ

## *Општествени текови во земјата*

Дискусиите[44] со младите открија силно чувство на разочараност во однос на општествените текови во земјата и недостиг на надеж за можностите за подобрување на состојбите во блиска иднина. Длабоките политички поделби, нефункционалноста на институциите и широко распространетата корупција се идентификувани како главни пречки за напредокот на државата. Младите гледаат на општеството како на систем каде што „ништо не може да се направи без пари и пријатели/врски" и во кој корупцијата се вградила во менталитетот на граѓаните како нормален начин на функционирање. На правосудниот систем се гледа со особен цинизам и често е критикуван за неуспехот да ги направи политичките елити поодговорни за нивните постапки. На иселувањето на младите и на дефицитот што тоа го создава се гледа како на уште една значителна пречка за идниот развој на земјата.

## *Главни предизвици со кои се соочуваат младите*

Во рамките на дискусиите, младите идентификуваа низа предизвици со кои се соочуваат, главно истакнувајќи го нискиот животен стандард како фактор што ја загрозува нивната егзистенција и го зајакнува чувството на безизлезност. Ова чувство на неповолност е дополнително засилено со недостигот на можности за работа, како и културни и социјални активности што би можеле да ги збогатат нивните животи, особено за оние млади што живеат надвор од главниот град.

Можностите за социјална мобилност и прекинување на меѓугенерацискиот циклус на сиромаштија се перципирани како долготрајни и тешко остварливи.

Квалитетот на образованието е уште еден важен предизвик што го потенцираа младите. Учесниците сметаа дека сегашниот систем не успева да ги обезбеди потребните вештини и квалитет, ставајќи ги во неповолна положба во споредба со своите врсници од земјите на ЕУ. Кај повеќето млади беше евидентна желбата за доедуцирање во странство, со акцент на земјите на ЕУ и САД.

Дополнително, состојбата во здравството е опишана како несоодветна, предизвикувајќи загриженост за основната благосостојба.

44 Спроведени од страна на ТИМ Институт.

## *Општествен ангажман меѓу младите*

Кај повеќето млади преовладува чувството на пасивност и ретко кој од учесниците пријави некаква форма на општествен ангажман. Генерално, младите не изразија особени аспирации да ги насочат своите капацитети кон активно решавање на општествените проблеми. Отпорот кон општествен ангажман главно е поттикнат од чувството дека работите тешко се менуваат, дури и кога младите покажуваат волја да се вклучат во јавниот живот. Стравот од можни политички закани, етикетирања и притисоци беа издвоени како дополнителни причини да се „стои настрана". Дополнително, младите сметаа дека напорите на институциите да ги вклучат нив во процесите на одлучување се најчесто декларативни. Сепак, дел од младите изразија интерес за вклучување во социополитичкиот живот преку учество во младинските совети во рамките на општините.

## *Перцепции за ЕУ и НАТО*

Меѓу учесниците во фокус-групите евидентни се две крајно спротивставени перцепции за ЕУ. Од една страна, еден дел од учесниците гледаат на ЕУ како на „пакт со волците", тврдејќи дека Унијата нема искрени намери за проширување во блиска иднина. Овие млади луѓе веруваат дека ЕУ не ги застапува најдобрите интереси на државата и дека пораките што доаѓаат од неа се лицемерни. Од друга страна, друг дел од учесниците зборуваат за зачленувањето во ЕУ како можност државата да ги унапреди слободите на граѓаните, животниот стандард, социјалните перспективи, безбедноста и чувството на заедништво.

Барањата што се поставуваат пред нашата земја за членство во ЕУ главно се оценуваат како претешки, додека, пак, нивното остварување не е никаков гарант за влез на земјата во Унијата. Дел од учесниците како главната пречка за влезот на земјата во ЕУ ја гледаат самата Унија. Сепак, значителен дел од учесниците сметаат дека одговорноста за нашиот моментален статус е во неуспехот и немотивираноста на владејачките политички партии да ги спроведат неопходните внатрешни реформи.

Постои и сериозна загриженост дека влезот во Унијата би предизвикал дополнителен одлив на младата и квалификувана работна сила од земјата.

За дел од учесниците, членството во НАТО подразбира заштита на територијалниот интегритет и засилување на безбедноста и сигурноста на земјата. Сепак, мнозинството од учесниците сметаат дека нашата земја нема особени придобивки од членството во НАТО, туку само одлив од буџетот на државата што би можел да се инвестира во области каде што е многу попотребен, како што се образованието и здравството.

## *Сфаќања за демократијата и посакуваниот лидер*

Најголем дел од учесниците во фокус-групите демократијата ја поврзуваат со: владеење на народот, слобода на говорот, владеење на правото, еднаквост и рамноправност на граѓаните. Како пример за држави со демократско уредување се споменаа: Америка, Данска, Норвешка, Финска, Швајцарија, Германија и Словенија. Дополнително, постои и консензус дека во нашата земја постои „квази" демократско уредување поради недостигот на владеење на правото, отчетност и транспарентност на институциите.

Во однос на тоа какви се политичарите во земјата и какви лидери посакуваат младите, постои евидентна дискрепанца. Актуелните политичари беа опишани како корумпирани, себични, агресивни и некомпетентни. Од друга страна, младите посакуваат лидери што ќе бидат исполнителни, транспарентни, професионални и искусни.

Перцепцијата за лидер со цврста рака се движи меѓу две поларности – „идеален политичар" и „диктатор". Поголем дел од учесниците, во лидерот со цврста рака гледаат идеален лидер во кој ги проектираат сите изгубени вредности кај политичарите во нашата земја. Сепак, кога учесниците беа запрашани да посочат идеален профил на лидер, најчесто се издвојуваа политичари со авторитарни тенденции.

На локално ниво, забележана е релативно ниска запознаеност со работата и ингеренциите на градоначалниците и општините. Како главна критика за градоначалниците и општините беше издвоена непланската градежна експанзација, за сметка на намалување на јавните површини. Недостигот на јавна хигиена и загадувањето на воздухот исто така се споменати во дискусиите на младите.

Во однос на пратениците, младите истакнаа дека тие треба повеќе да дејствуваат како поединци, а помалку како застапници на партиските интереси. Издвоена е и потребата од зголемување на понепосредниот контакт на пратениците со граѓаните од изборната единица во која го добиле мандатот.

## *Инклузија и прифаќање различности*

Учесниците во фокус-групите посочија на трендот на намалување на толеранцијата и прифаќање одредени категории граѓани (како што се ЛГБТИ луѓето), како и пораст на врсничкото насилство во училиштата. Истовремено, дел од учесниците сметаат дека донекаде постои поголема сензитивност и инклузија на лицата со попреченост.

Социјалната изолираност за време на пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, преголемата изложеност на негативни содржини на интернет, недоволната едукација, недостигот на комуникација со „различни од себе“ и влијанијата што доаѓаат од домот се посочени како дел од причините што влијаат врз засилувањето на предрасудите и нетрпеливоста кон одредени групи граѓани.



# ДИСКУСИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Целта на ова, четврто, истражување на социополитичкото учество на младите во Северна Македонија, спроведено од страна на Фондацијата за демократија на Вестминстер, беше да се понуди опсежен преглед на низа аспекти поврзани со социополитичкото учество на младите во Република Северна Македонија. Студијата обезбеди увид во ставовите на младите за неколку клучни теми: општествено-политичките случувања во земјата и позицијата на младите луѓе во општеството; погледите на младите за иднината на земјата и нејзината перспектива за ЕУ; довербата на младите во работата на властите, како и можноста младите лично да влијаат и да учествуваат во институционални процеси за донесување одлуки; нивото на општествено-политичка вклученост кај младите преку учество во разни форми на здружување и гласање на избори; и политичките вредности кај младите. Преку анализата на секој од овие сегменти, истражувањето овозможи увид и во пошироките импликации што ги носат тие.

## *Растечки песимизам кај младите*

Наодите од студијата предупредуваат дека младите во Северна Македонија остануваат предизвикани од различни фактори во различни области од нивниот живот. Генерално, тренд-анализата (овозможена преку споредбената анализа на резултатите со трите претходни истражувања) јасно укажува на тоа дека младите изразуваат сè поголемо незадоволство за насоката во која се движи државата, третманот од страна на институциите и нивната положба во општеството. Во врска со овие прашања, недвосмислено постои „слободен пад“ во задоволството на младите во однос на социополитичкото окружување и дополнително нарушување на довербата во политичкиот систем и во институциите.

Идните очекувања на младите во Северна Македонија, исто така, остануваат на прилично ниско ниво. Повеќето млади не гледаат можност за некакви суштински промени во наредните пет години. И покрај тоа што голем број млади остануваат резервирани за веројатноста од некаква краткорочна позитивна промена, сепак, дел од младите оставаат простор за тоа дека иднината може да доведе до подобрување на состојбите.

## *Песимизмот ја зголемува и апатијата*

Целокупната ситуација на младите во Северна Македонија може да се опише како предизвикувачка и неизвесна. Младите сè повеќе го губат

интересот за општествено ангажирање, а на долг рок, тоа може да доведе до нивна дополнителна маргинализација и недостиг на застапеност и влијание врз процесите на одлучување. Апатијата кај младите е, пред сè, поттикната од незадоволството на младите од состојбите во државата и неможноста да влијаат врз решавањето на проблемите. Дополнително, младите не чувствуваат дека нивните ставови се слушнати или разбрани и имаат ниска доверба во работата на институциите. Од сите наведени институции, младите најмалку им веруваат на клучните политички чинители: политичките партии, Владата и Парламентот. Кога ќе се спојат сите предизвици со кои се соочуваат младите, се појавува чувство на безнадежност, кое најчесто се манифестира преку огромниот процент на младите што децидно изјавуваат дека сакаат да се иселат од државата.

## *Бројот на младите што би се иселиле останува ист, но бројот на оние што потенцијално би се вратиле се намалува*

Аспирациите за миграција сè уште се широко распространет феномен во 2023 година во Северна Македонија, при што речиси две третини од младите, како и во претходните истражувања, остануваат на размислувањето за миграција. Наодите дополнително откриваат дека во случај да мигрираат, сè помал број млади би размислиле да се вратат во државата, во споредба со претходните истражувања. Впрочем, една од главните промени што се издвојува во ова истражување во однос на минатите истражувања не е во бројот на млади луѓе што би се иселиле (што останува релативно константен), туку во бројот на оние што, откако ќе се иселат, би решиле да се вратат во земјата. Ова укажува на тоа дека сè поголем број млади размислуваат за купување „билет во еден правец“, што може да има далекусежни последици врз човечкиот капитал со кој располага државата. Од факторите што потенцијално би ги задржале младите во државата, главно, тие се поврзани со приватниот домен (семејните врски и пријателите), но не и со работата на институциите.

## *ЕУ-интеграциите како последна сламка за спас?*

Вербата во членството во ЕУ е еден од ретките позитивни фактори што сè уште ги одвлекува младите од иселување, наспроти гореспоменатите фактори што го поттикнуваат иселувањето. Конкретно, одговорите на испитаниците поврзани со намерата за иселување од државата

се поврзани со верbата во можното членство во ЕУ. Имено, оние испитаници што сметаат дека државата ќе стане членка на ЕУ, во помал обем би се иселиле од државата, наспроти оние што сметаат дека државата нема да стане членка на ЕУ. Сепак, во споредба со претходните истражувања, а особено со првото истражување од 2019 година, видливо е дека ЕУ-интеграциите, како фактор на задржување на младите во државата, го губат својот моментум. Имено, постои намалување на бројот на млади што веруваат дека земјата еден ден ќе стане членка на Унијата и, како резултат на тоа, би останале во државата.

Дополнително, наодите укажуваат на раст на просечното време што ќе ѝ биде потребно на земјата за да стане членка на ЕУ. Интересно е дека во рамките на првото истражување спроведено во 2019 година, мнозинството млади очекуваа дека земјата ќе стане членка на ЕУ во период од пет години (односно до 2024 година). Од денешен аспект, ваквите очекувања на младите се покажаа како нереално високи. Во рамките на последното истражување, очекувањата на младите се значително намалени, при што повеќето млади (од тие што сметаат дека земјата ќе стане членка на Унијата) гледаат на 2032 година како на просечна можна година за зачленување во Унијата.

## *Младите не се интересираат за политиката, а сепак гласаат*

Кај младите преовладува и незаинтересираност за политиката и политичкото информирање. А кога младите се информираат, често се случува тие да се информираат од различни извори, во споредба со оние во кои најмногу веруваат. Впечатливо е дека политичкото информирање на младите главно се одвива во затворен круг, најчесто во рамките на семејството, што може да доведе до перпетуирање на ставовите што ги имаат нивните родители и останатите блиски.

Како своевиден парадокс, и покрај тоа што младите не покажуваат особен интерес за политиката, сепак голем дел во континуитет се изјаснуваат дека излегуваат на гласање. Впрочем, гласањето на избори останува една од ретките форми преку кои младите сè уште го валидираат својот политички ангажман. Претпоставените причини за овој феномен се многубројни. Едно можно објаснување е дека токму недостигот на алтернативни форми на социополитичко учество и можноста да го изразат својот став на други начини ги поттикнува младите да го искористат гласањето на избори, како ретка можност за дејствување. Она

што охрабрува е тоа што повеќето млади не веруваат дека излегувањето на избори самото по себе е доволно за да се променат работите.

Истовремено, степенот на општествено активни млади е низок. Голем број млади не се опишуваат како општествено активни, ниту, пак, се дел од некоја граѓанска организација. Впрочем, довербата на младите во граѓанските/младинските организации е на прилично ниско ниво (речиси половина од младите не им веруваат, а помалку од 5 % членуваат во нив), што укажува на тоа дека ваквиот канал на дејствување не е особено привлечен за нив. Политичките партии се најпривлечната форма на социополитички ангажман за младите, па дури и двојно повеќе отколку граѓанските организации.

## *Ретрадиционализација на младите*

Преку низа прашања опфатени со истражувањето, забележлив е трендот на ретрадиционализација на младите, почнувајќи од тоа дека верските институции уживаат повисока и постабилна доверба, во споредба со повеќето институции и организации во државата, преку ставот дека сè поголем број млади изразуваат хомофобични ставови или, пак, ја позиционираат жената во традиционални улоги поврзани со домот, како и односот кон луѓе што припаѓаат на различна етничка група.

Конкретно, осврнувајќи се на темата за меѓуетничките односи, загрижува фактот што во некои случаи, дури и до една третина од младите не сакаат да имаат сосед што е припадник на етничка група различна од нивната. Најчесто, оние млади што имаат круг на пријатели од друга етничка припадност, всушност имаат подобри погледи еден кон друг. Висока нетолерантност постои и кон најранливите групи, како што се бегалците.

Ваквите податоци укажуваат на тоа дека дел од младите имаат проблем да го видат или да го сфатат општеството како заедница на еднакви. Сепак, важно е да се напомене дека ваквите сфаќања не се универзални, односно присутни кај сите млади. Истовремено, во рамките на истражувањето од 2023 година се бележи раст на нелиберални ставови кај помладите категории млади (младите од 18 до 25-годишна возраст), а тоа не беше случај со претходните истражувања каде што најчесто младите од 30 до 35-годишна возраст беа тие што искажуваа ваков тип ставови, што укажува на тоа дека ретрадиционализацијата ги опфаќа сите старосни категории.




# ПРЕПОРАКИ

Во рамките на претходните три истражувања во 2019, 2020 и 2021 година беа наведени низа на последователни препораки.  За дел од нив, во периодот од првото истражување спроведено пред пет години до денес, направен е исчекор во повеќе области:

- Повеќето општини (две третини од сите општини) имаат формирано локални младински совети, во споредба со само 12 општини (од вкупно 80) во 2021 година.
- За период од пет години, отворени се младински центри во пет општини, со што вкупниот број на младински центри во моментов е осум, но опфатот останува мал (10% од сите општини).
- На национално ниво, донесена е нова Стратегија за млади 2023-2027, која како и локалните младински совети и младинските центри произлегува како обврска од Законот за младинско учество и младински политики.
- Во рамки на институциите на државно и локално ниво се назначени Службеници за млади, како одговорни лица за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите.
- Од страна на Агенцијата за млади и спорт, воспоставен е Регистар на младински организации кој редовно се ажурира и е јавно достапен.
- Агенцијата за млади и спорт доделува финансиските средства наменети за поддршка на проекти од областа на младите како дел од својата годишна програма.[45]
- Формирани се студентски собранија на универзитети и факултети, согласно со одредбите во Законот за високо образование.

Во исто време, и покрај овие охрабувачки придвижувања во политиките за млади, предизвиците со кои се соочуваат младите остануваат многубројни, а поголемиот дел од препораките нотирани во претходните три истражувања сѐ уште се релевантни во контекст на наодите од 2023 година.

Дел од долу наведените препораки во овој докумен се резултат на процес на консултации со младинските организации и подмладоците на политичките партии во рамки на настанот „Патоказ за младите" одржан на 1-ви март 2024 година, на кој тие имаа можност да ги презентираат

45 Буџетските средства одвоени за оваа намена во 2023 година изнесуваа 5.600.000 денари.

своите препораки во повеќе области помеѓу кои и младинскиот стандард, образованието, еднаквите можности и учеството на младите.

## *Политики за млади и младинско учество*

- Целосна имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, особено во делот на воспоставување на Собранието за млади и Националното советодавно тело, формирање на Младински центри во општините како и Истражувачкиот центар предвиден во рамките на Агенцијата за млади и спорт.
- Дополнување и измени на Законот за младинско учество и младински политики во консултации со младите, особено во делот на попрецизно регулирање на финансиските одвојувања кои произлегуваат од законот.
- Доследно спроведување на новоусвоената Национална стратегија за млади (2023-2027) и навремено известување (најмалку еднаш годишно) од страна на Владата и Агенцијата за млади и спорт во однос на степенот на реализација на активносите предвидени во првиот Акциски план 2023-2025 година, давајќи увид и во напредокот по однос на индикаторите за мерење на успехот на стратегијата. Клубот за младински прашања и политики при Собранието да организира годишни дискусии за имплементацијата на стратегијата.
- Собранието да размисли за формирање на Комисија за млади.
- Формирање на локални младински совети во сите преостанати општини во кои досега тоа не е направено (околу една третина од општините). Локалните младински совети да добијат соодветна техничка, финансиска и административна поддршка за нивното работење.
- Отворање на центри за млади во секоја општина, кои ќе претставуваат простор за локалните младински организации, средношколските/студентски тела, клубови, неформални групи и младински иницијативи за развој и реализација на нивната работа. Центрите да бидат пристапни за младите со попреченост.
- Зголемување на буџетските средства на Агенцијата за млади и спорт, особено на секторот „Млади“ со цел да се постигне порамномерна распределба на финансиите помеѓу секторите „Спорт“ и

„Млади“.  Дел од овие средства да се наменат и за кадровско екипирање на секторот „Млади“.

- Обезбедување поголема финансиска поддршка за младинските организации од државниот буџет со цел зголемување на нивните капацитети, иновативност, понуда и видливост.
- Професионализација на позицијата „Службеник за млади“ и зајакнување на капацитетите на лицата кои работат на оваа позиција.
- Усвојување на предлог Законот за средно образование, кој го дефинира и гарантира  ученичкото учество и можностите за ученичко организирање, и го препознава врсничкото насилство и пропишува програми за заштита од насилство во училиштата.
- Подобрување на комуникациските стратегии на државните и локалните институции со цел промоција на можностите за млади, вклучување на младите во процесите на одлучување и зајкнување на соработката со младите.
- Вклучување на младите во процеси на одлучување кои не се традиционално „младински“, како што се политиките од доменот на социјална заштита, здравствените политики, политиките во доменот на земјоделието и други.
- Политичките партии да ги адресираат прашањата на младите преку соодветни политики за млади во своите програми, кои треба да бидат креирани во консултација со подмладоците и младите.
- Подмладоците на политичките партии треба да обезбедат простор за градење на политичко знаење, дијалог, учество и ангажирање на младите во политичките партии и општеството. Ова треба да се направи со тоа што ќе им се овозможи на подмладоците да создаваат и спроведуваат свои програми, преку организирање активности со млади, одржување консултации, вршење истражувања и развој на политики. Дополнително, политичките партии треба да гарантираат дека се обезбедени доволно средства за нивните подмладоци, обезбедувајќи им соодветни ресурси за работење и зајакнување на нивната автономија.

## Младински стандард и еднакви можности

- Продолжување на политиката „Младинска гаранција" и нејзина популаризиција како мерка за подобрување на младинскиот стандард и вработување.
- Креирање на нови мерки кои ќе имаат за цел да ја намалат сиромаштијата помеѓу младите, особено ранливите групи на млади (како младите Роми, младите со попреченост, младите кои живеат во рурални средини).
- Издигнување на прашањето на младинскиот стандард преку донесување на Закон за младински стандард.
- Зајкнување на приватниот сектор преку подобрување на законодавството и мерките за вработување на млади, вклучувајќи и даночни олеснувања, стимулации за вработување и обука на млади, субвенционирање на плати, и слични мерки.
- Унапредување и измени на Законот за употреба на знаковниот јазик со цел подобро адресирање на потребите на глувите лица, како и обезбедување на програми за младите лица со попреченост од страна на Агенцијата за млади и спорт и соодветни финансии за истите.

## *Миграција и соработка*

- Воведување на политики за олеснување на можностите на младите за самостојно домување, како финансиска поддршка при купување на станови за млади.
- Целни мерки за унапредување и спроведување на циркуларна миграција.
- Мерки за унапредување на соработката со млади кои се државјани на Северна Македонија, но живеат во странство, преку воспоставување на дијаспорски мрежи, менторски програми за пренесување на знаењето, финансирање на истражувачки проекти и поволности за отворање на бизнис во земјата.
- Забрзување на преговорите со ЕУ и исполнувањето на критериумите за членство, имајќи предвид дека членството во ЕУ се покажува како еден од клучните аспекти кои ја намалува желбата за миграција помеѓу младите.

## *Образование и инклузија*

- Министерството за образование и наука треба да ги разгледа придобивките од ревидирање и реформирањето на некои клучни аспекти на наставните програми и нивната испорака, вклучително и развивање стратегија за тоа како подобро да се опремат младите со потребните вештини за 21-от век (дигитална писменост, решавање на проблеми, соработка, критичко размислување, политичко образование и други).
- Училиштата да организираат и поттикнуваат активности кои ги запознаваат младите со институциите, нивната работа и улога во работа за граѓаните, преку студиски посети, гостински предавања и останати активности со локалните самоуправи и националните институции.
- Преку заеднички напор на општините, училиштата и другите релевантни чинители да се развијат повеќе можности за заеднички активности меѓу младите со различна етничка припадност, како мерка за адресирање на нетрпеливоста и предрасудите кои постојат. Заеднички часови за време на наставата, летни школи, работилници и спортски активности се дел од можните мерки за надминување на предрасудите.
- Поддршка и промоција на неформалното образование во рамки на образовните институции, негувајќи соработка со младинските и граѓанските организации како и приватниот сектор.
- Зајакнување на медиумската писменост во рамки на наставните програми, особено на аспекти поврзани со социо-политичкото информирање и препознавање на дезинформации, сензационализам и теории на заговор.
- Примена на родово сензитивна педагогија како начин за унапредување на родовата еднаквост и намалување на родовите предрасуди и стереотипи.
- Буџетското финансирање на образованието, според препораките на УНЕСКО, да се движи во рамки на препорачаните 4-6% од БДП и/или најмалу 15-20% од јавните расходи да бидат наменети за образование.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Божоивиќ-Стојкоска, С., Тројачанец, М. и Шабани, Д. (2023). Младински аспирации за кариера и вештини.

Галевски, М. (2019). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Апатија, оптимизам или разочараност (Студија 2019). Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања (Студија 2020). Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Галевски, М, Ивановиќ, И. и Ќетковиќ-Јанева, Јелена (2022). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место (Студија 2021). Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Државен завод за статистика (2023). Проекции на населението на Република Северна Македонија до 2070 година. Скопје: Државен завод за статистика.

Кулаков, Ф. (2023). 2023 мониторинг извештај за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики. Скопје: Национален младински совет на Македонија.

Малевски, Б. и Барлаковски, П. (2023). Млади на попис: Анализа на податоците од пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година што се однесуваат на младите. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Нацева, Б., Шимбов, Б. и Галевски, М. (2023). Финансирање на нашата иднина: како да ја подобриме ефикасноста на расходите за образование во Северна Македонија. Скопје: Светска Банка.

Радио МОФ (20 октомври 2023). С. Македонија меѓу најлошите во регионот според новиот Индекс на младински развој.

Радио МОФ (20 ноември 2023). Помалку пари за млади, наука и екологија – Што предвидува Предлог-буџетот за 2024

Трајановска, Љ. (2023). Анализа на родовите (не)еднаквости низ призмата на младите во Северна Македонија. Скопје: Национален младински совет на Македонија и Здружени за еднакви можности „Мрежа Стела".

Шапкова-Коцевска, К. (2023). Финансирање на младински политики. Анализа на издвоени средства за Законот за младинско учество и младински политики во 2022 година. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

Mojsoska-Blazeski, N. (2024, in press3). North Macedonia Education Sector Analysis. Chapter 4: Relevance of Education for Labour Market Inclusion. Paris: UNESCO IIEP.

UNICEF (2022). Are schools fit for purpose. The extent to which North Macedonia is getting the most out of the country's education resources. Skopje: UNICEF.

Vergas, G. (2024, in press3). North Macedonia Education Sector Analysis. Chapter 2: Schooling patterns. Paris: UNESCO IIEP.

UN Women (2023). Voices of Youth: Gender Equality and Social Cohesion in the Western Balkans. Serbia: UN Women.

World Bank (2023). Economic Cost of Exclusion Based on Sexual Orientation, Gender Identity and Expression, and Sex Characteristics in the Labor Market in the Republic of North Macedonia